Бранко ПАНОВ

# ОХРИД И ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ОД СРЕДИНАТА НА X ДО КРАЈОТ НА XII ВЕК*

## I

Кон средината на 60-те година на X век дошло до изострување на бугарско-византиските односи. Причина за тоа било нарушувањето на мировниот договор од 927 година, склучен меѓу Роман I Лакапин и царот Петар[1] Тоа го сторил императорот Никифор II Фока (963—969), кој, чувствувајќи се посилен, не сакал повеќе да го плаќа срамниот годишен данок на Бугарија. Во 965 година, известува Лав Ѓакон, кога бугарските пратеници дошле во Цариград да го барат установениот данок, Никифор II Фока наредил „да се натепат", а потоа ги избркал откако им ја пренел и својата порака: „Одете си и известете го вашиот господар, облечениот во кожув кожогризец: „Сесилниот и велик ромејски император веднаш ќе дојде во твојата земја и ќе ти го плати целиот данок. . ."[2] Протерувањето на бугарските пратеници било повод Византија повторно да ја обнови војната со Бугарија. Во 967 година[3] Никифор II Фока „со добро подготвена војска" заминал во поход против Бугрите. Но, иако императорот Никифор Фока за кратко време успеал да освои повеќе погранични тврдини, брзу се соочил со бугарската опасност. Плашејќи се да не му биде „како добиток" исколена неговата војската од Бугарите, решил да се врати во Цариград.[4]

---

*. Овој прилог претставува III-то продолжение од мојот истоимен труд објавен во Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 4 (30), 1978, 119—137; кн. 5—6 (31—32), 1979/80 137—159.

1. Г. Острогорски, Историја Византије. Београд 1969, 258—259.

2. Гръцки извори за българската история, V. София 1964, 246—247.

3. Ibid., 247 и бел. 2.

4. Ibid., 247.

Само што се вратил Никифор II Фока во Цариград решил да побара сојузник за борба против Бугарите. За таков го избрал киевскиот кнез Свјатослав (946—972), кому откако му испратил околу 15 кентенарии злато (108.000 номизми) го придобил на своја страна и го натерал да ги нападне подунавските бугарски владенија. Кнезот Свјатослав ставајќи се на чело на шеесетилјадна војска во 968 година ја поминал реката Дунав „и почнал од сите страни да ги убива Мизите (Бугарите)". Погоден од тоа бугарскиот цар Петар добил „епилептичен удар и откако преживеал уште малку време по тоа, го напуштил овој свет" — соопштува Лав Ѓакон.[5]

Императорот Никифор II Фока наскоро се соочил со поголема опасност за Византија во лицето на киевската држава. Плашејќи се од продорот на руските војски на Балканот, Никифор II Фока решил да го раскине сојузот со Свјатослав. Тоа го направил откако испратил пратеништво кај Бугарите за склучување воен сојуз против Русите и обновување на пријателството меѓу Бугарија и Византија.[6]

Војната меѓу Византијците, Бугарите и Русите во Подунавјето влијаела да се создадат поволни услови за организирање востание во Македонија и отстранување на бугарската власт. Само што умрел бугарскиот цар Петар кон крајот на јануари 969 година, во Македонија било кренато ослободително востание на чело со синовите на кнезот Никола, комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил. Погодена од тоа, Византија побрзала, известува Јован Скилица, да ги испрати синовите на царот Петар: Борис и Роман, кои се наоѓале како заложеници во Цариград, „да го зачуваат татковото царство и да ги спречат комитопулите понатаму да напредуваат".[7]

Градот Охрид и неговата пошироката област уште на почетокот се наоѓале во средиштето на востанието. Територијата на бившата склавинија „Берзитија", од која најнапред била отстранета бугарската власт, се претворила во јадро на новосоздадената македонска словенска држава, позната во науката како Самуилова, по основоположникот на новата царска династија.[8] Некои научници претполагаат дека во овој дел на Ма-

---

5. Гръцки извори, V, 247—249.

6. Д. Ангелов, История на Византия, II. София 1963, 63.

7. Georgi Cedreni Compendium historiarum cui subjictur exerpta ex brevario Joanis Scylitzae Curopolatae. — PG, ed. J. P. Migne. Paris 1899, 81; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. I, изд. на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје. Скопје 1981, 87; сп. и С. Антолјак, Самуиловата држава. Скопје 1969, 12.

8. Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење (средина на IX в. — 969 година). Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 5—6 (31—32). Скопје 1979/80, 158; сп. и С. Антолјак, Самуиловата држава, 55 и сл.

кедонија живеел и дејствувал и таткото на водачите на востанието, комитот Никола. Г. Беласчев, на пример, смета дека комитот Никола најверојатно ги владеел земјите на словенското племе Берзити, со силните тврдини и градови: Охрид, Преспа, Девол, Божиград, Колонија, Дринопол, Канина, Костур, Битола, Прѐлеп, Кичево, Дебар и др.[9] Скоро истоветно гледиште застапува и Ив. Венедиков, кога вели дека комитот Никола живеел во рамките на Деволскиот комитат и дека умрел најверојатно меѓу 970—976 година.[10] Исто така и Б. Прокиќ, Д. Ташковски и Д. Перовиќ се на мислење, дека кнезот Никола и неговите синови потекнувале од племето Берзити.[11] Иако прашањето околу потеклото на родот на кнезот Никола и натаму останува отворено,[12] сепак од расположливите изворни податоци можно е да се согледа дека дејноста на комитот Никола и неговите синови најмногу е врзана со територијата на бившата склавинија „Берзитија". Во прилог на тоа говори пред сѐ фактот, дека сите постојани и подвижни престолнини на македонската држава (Преспа, Охрид, Битола и Сетина) се наоѓаат на територијата на бившата склавинија „Берзитија",[13] како и фактот дека надгробниот натпис од с. Герман, подигнат од Самуил во чест на татко му Никола, мајка му Рипсимија и брат му Давид, потекнува од Преспа.[13a]

Прва престолнина на македонската држава станал градот Преспа, кој се наоѓал на островот Ахил на Мала Преспа.[14] Во Преспа биле изградени раскошни дворци и величествен храм.[15] Уште во почетокот на чело на државата се наоѓале четворицата браќа—комитопули, што значи постоело четиривластие (тетрархија). Синовите на кнезот Никола уште додека тој бил жив успеале не само да ја консолидираат својата држава туку и доста да ја прошират. Иако од расположивите изворни подато-

[9]. Г. Д. Баласчев, Българите през последните десетгодишнини на десетия век. София 1927, 26—27.

[10]. Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. — Сб. „Климент Охридски 916—1066", изд. на БАН. София 1966, 315 и сл.

[11]. Б. Прокић, Постанак једне словенске царевине у Македонији у X веку. — Глас САН, 76 (1908). 237; Historija naroda Jugoslavije, I. Zagreb 1953, 295.

[12]. Сп.: Византијски извори за историју народа Југославије, III. Београд 1966, стр. 67 и сл; С. Антолјак, Самуиловата држава, 14 и сл.

[13]. Византијски извори, III, стр. 83, 112, 122 и сл.

[13a]. Документи, I, стр. 91; сп. и С. Антолјак, Критички осврт на изворите за Самоиловата држава (до 1014). Во кн. Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. Изд. на ИНИ. Скопје 1971, 52 и сл.; М. Павловиќ, Надгробната плоча најдена во село Герман кај Преспа (Тексоглошка идентификација — Самоиловиот епитаф, означен со 993 година). — Во кн. Илјада години од востанието на комитопулите..., 73 и сл.

[14]. Х. Андоновски, Дали е пронајден гробот на цар Самоил? — Во кн. Илјада години од востанието на комитопулите..., 193 и сл.

[15]. Византијски извори, III, стр. 83 и бел. 28, 185.

ци не е возможно со сигурност да се утврди територијата што била опфатена во рамките на македонската држава во првите години на нејзината егзистенција, сепак со сигурност треба да се смета дека таа освен Југозападна Македонија опфаќала и други области од Македонија. До 976 година нејзините граници веќе допирале дури до Серез.[16] и Разметаница, односно до р. Струма.[17]

Во 971 година новиот византиски император Јован Цимискиј (969—976) успеал да ја отстрани руската опасност од Балканот. Веднаш потоа тој целосно ја потчинил територијата на Бугарија, со што ставал и крај на постоењето на Првото бугарско царство. Бугарскиот цар Борис II заедно со брат му Роман биле однесени како заробеници во Цариград. Заедно со нив била испратена во Цариград и бугарската царска круна.[18] Со тоа Бугарија била претворена во обична византиска провинција. Истото тоа се случило и со Србија.[19]

Македонската држава која и по 971 година проодлжила да егзистира, морала да ја признае врховната власт на Византија. Стјепан Антолјак смета дека ерменското потекло на императорот Јован Цимискиј и на четворицата браќа—комитопули влијаело за сето време на нивното владеење тој да ги остави на мира, не нарушувајќи ја самостојноста на нивната територија, па дури и фаворизирајќи ги.[20]

Во периодот 971—976 година, комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил иако ја признавале врховната власт на визентискиот император, успеале да извојуваат и меѓународно признание на нивната држава. Тоа го овозможил и самиот император Јован Цимискиј, кога допуштил двајца од браќата да отидат во 973 година на дворот на германскиот император Отон I, за да му ги честитаат заедно со други европски владетели велигденските празници и да го удостојат со подароци.[21]

По смртта на императорот Јован Цимискиј во 976 година, комитопулите повторно кренале востание за отстранување на византиската зависност. Востанието било со успех изведено и македонската држава одново се здобила со целосна независност[22] Бугарскиот цар Борис II кој заедно со братот си Роман истата година со бегство ја напуштиле византиската престолнина, не успеал да ја оствари својата замисла: со истиснувањето

16. Византијски извори, III, 76.

17. Ibid., 77; Й. Иванов, Северна Македония. София 1906, 38 и сл.

18. Гръцки извори за българската история, VI. София 1965, 247; сп. и С. Антолјак, Самуиловата држава, 19.

19. С. Антољак, Самуиловата држава, 19—20.

20. Ibid., 20.

21. Ibid., 21—24.

22. B. Panov, Samuilovo carstvo. Во кн. Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka. Vojnoistorijski institut i INI. Beograd 1975, 28; С. Антолјак, Самуиловата држава, 25 и сл.

на комитопулите од власта тој да дојде на чело на државата.[23] Уште на самата граница, соопштува Јован Скилица, Борис II, кој бил облечен во „ромејско облекло", бил убиен од стражата, додека пак братму Роман, кој успеал да се провлече, бил само поставен за управител на Скопје.[24]

Кратко време по извојуваната независност дошло до ликвидирање на четиривластието (тетрахијата) во македонската држава. Уште во текот на 976 година, за неполни 6 месеци, биле убиени тројцата Самуилови браќа Давид, Мојсеј и Арон. Според известувањето од Јован Скилица, Давид бил убиен во местноста „Убави Дабови", меѓу Преспа и Костур, од некои „патници Власи"; Мојсеј во битката кај Серез, а Арон од брат му Самуил во околината на Раметаница (Разметаница),[25] зашто со помошта на Византијците „се стремел за себе да ја приграби власта". Заедно со него било ликвидирано и неговото цело семејство. Единствено се спасил син му Јован Владислав кому во тоа му помогнал Гаврило Радомир, синот на Самуил. На тој начин Самуил станал единствен владетел (μόναρχος) на целата држава.[26]

Како монарх Самуил успеал да создаде голема војска (пешадија и коњаница), да обучи добар кадар, што му овозможило со успех да води одбранбена и офанзивна војна.[27] До крајот на X век освен територијата на Македонија, без Солун, во рамките на македонската држава биле вклучени и бугарски, српски, грчки, албански и хрватски територии, со што Самуил создал поволни услови неговата држава да прерасне во моќно балканско царство. Тоа Самуил и официјално го направил во последните години на X век, кога во Преспа се крунисал за цар. Крунисувањето на Самуил за цар било извршено во присуство на римски легати, кои, по склучената спогодба меѓу него и римскиот папа Григориј V (996—999), му ја донеле во Преспа царската круна.[28] Самиот пак чин на крунисување на Самуил за цар бил извршен во величенствениот храм, во кој во 985 година биле поставени и моштите на Св. Ахил, што ги опљачкал Самуил во Лариса.[29]

Градот Преспа освен државно постанал и црковно седиште на Самуиловото царство. Со папска дозвола Самуил ја издигнал Македонската црква во ранг на архиепископија. Најве-

---

23. С. Антолјак, Самуиловата држава, 29.

24. Документи, I, стр. 89—90; сп. С. Антољак, Самуиловата држава, 28 и сл.

25. Документи, I, стр. 90; сп. Й. Иванов, Северна Македония, 38 и сл.; С. Антолјак, Самуиловата држава, 27 и сл.

26. Документи, I, стр. 90; С. Антолјак, Самуиловата држава, 30 и сл.

27. С. Антолјак, Самуиловата држава, 86 и сл.; В. Panov. Samuilovo carstvo, 28 и сл.

28. С. Антолјак, Самуиловата држава, 55—59, 80 и сл.

29. Документи, I, стр. 90.

ројатно царот Самуил со архиепископ се здобил по свој избор, потврден од папата. Тоа секако станало пред самото крунисување на Самуил за цар.[30]

Кога точно била пренесена царската престолнина од Преспа во Охрид, а и седиштето на Архиепископијата, сè уште со сигурност не е утврдено во науката.[31] Најверојатно тоа станало во самиот почеток на XI век, кога императорот Василиј II (976—1025) почнал скоро „секоја година" да навлегува на македонската територија. Уште тогаш градот Охрид бил секако претворен во вистински средновековен град: опкружен со ѕидини, зајакнати со кули, кои ги издржале нападите на византиската војска сè до 1018 година.[32] Чувствувајќи се побезбеден во овој град, царот Самуил изградил во него раскошен дворец, како и нова величенствена црква, која оттогаш станала ново и постојано седиште на македонските црковни поглавари-архиепископите.[33] Покрај во Преспа и Охрид, кои важеле како постојани престолнини на македонската држава, царот Самуил и неговите наследници имале изградено свои царски дворци и во Битола и Сетина.[34] Тоа пак говори дека македонските владетели имале и подвижни престолнини, слично како што имале и другите средновековни држави.[35]

По пртеворањето на Охрид во државно и црковно седиште, градот израснал во вистински средновековен град (πόλις), т.е. на метропола (μητρόπόλις).[36] Според известувањето од Јован Скилица, „градот Охрид лежел на високо брдо, непосредно до големо езеро, од кое истечува реката Дрин кон север, потоа завива спрема запад и се влева во Јонското Море (Јадранското Море)".[37]

Уште за време на владеењето на царот Самуил, Охрид бил комплексно така оформен, што се состоел од два територијално споени делови: тврдина (κάστρον), која всушност претставувала акропол, т.е. внатрешен град и подградие, т.е. надворешен град. Двата дела заедно пак ја сочинувале целата градска населба, која се означувала како полис (πόλις).[38] Со извесни

30. С. Антолјак, Самуиловата држава, 81 и сл.; стр. 169, бел. 841.
31. Ibid., 82, 91, 169, бел. 837.
32. Ibid., 87, 91.
33. Ibid., 81 и сл.
34. Ibid., 81, 101.
35. С. Антолјак, Создавање и проширување на јадрото на Самуиловата држава во периодот од 969 до 976 година. — Гласник на ИНИ, XX/, Скопје 1976, 171.
36. Византијски извори, III, 128; сп. С. Антолјак, Самуиловата држава, 87.
37. Византијски извори, III, стр. 126; Гръцки извори, VI, стр. 291.
38. Сп.: С. Лишев, Българският средновековен град. София 1970, 21 и сл.; С. Антолјак, Самуиловата држава, 87; Л. В. Горина, Некоторые вопросы терминологии средновекового города. — Во кн. Советское славиноведение. Минск 1969, 581 и сл.

специфичности така биле оформени и другите поголеми градови во Македонија. На пример, од изворите е познат акрополот на Солун (θεσσαλόνίκης ἀκρόπλιν) во кој за време на опасност се заеолнувале граѓаните[39], потоа на Прилеп, Серез и други градови.[40] Акрополот на Охрид бил изграден над самата населба и бил добро утврден. Под него се наоѓало подградието кое исто така било утврдено со дебел ѕид.[41] Во акрополот на Охрид се наоѓале и царските дворци (τά βασίλεια τῶν βασιλέων ἵδρυντο) за кои известува Јован Скилица.[42] Исто така во рамките на внатрешниот град се наоѓале и просториите на војската. Инаку, акрополот на Охрид уште е познат и како Самуилова тврдина. Таа била така добро утврдена што била несовладлива. Тоа го истакнал и Јован Скилица, кога навел дека Василиј II иако успеал во есента 1015 година да го заземе градот Охрид, тврдината останала и натаму под власта на царот Јован Владислав, синот на убиениот Самуилов брат Арон.[43]

Во подградието на Охрид, кое исто така било опкружено со дебел ѕид, се наоѓале покрај големиот број цркви, некои изградени уште во времето на Климент Охридски, и раскошни куќи чиишто остатоци се видливи и денес.[44] По сè изгледа Василиј II кратко се задржал во охридското подградие, бидејќи како што известува Јован Скилица, по смртта на Јован Владислав во пролетта 1018 година тој наново се упатил да ја освојува македонската престолнина. Пред да се упати кон Охрид, Василиј II во Струмица го примил охридскиот архиепископ Давид, кој притоа му предал писмо од царицата Марија, жената на Јован Владислав, со кое писмо таа понудила услови за предавство.[45] Со право некои научници сметаат дека тогаш во Струмица всушност дошло и до капитулацијата на Самуиловото царство.[46] Во Струмица Василиј II го примил и топархот

39. Гръцки извори, VI, стр. 339; Гръцки извори за българската история, VIII. София 1971, 21.

40. Гръцки извори, VIII, стр. 174, 203—204, 279.

41. Сп.: А. Дероко, Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији. Београд 1950, 18; А. Керамитчиев, Охридската тврдина. — Современост, 7—8. Скопје 1967, 683—684; Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски. — Зб. посветен на Димче Коцо. Изд. на Археолошкиот музеј на Македонија. Скопје 1975, 183; Dj. Bošković, K. Tomovski. Средновековната архитектура во Охрид. — Зб. Охрид. Охрид 1961, 74 и сл.

42. Гръцки извори, VI, стр. 287; сп. С. Антолјак, Самуиловата држава, 57, 105 и сл.

43. Гръцки извори, VI, стр. 287; сп. и С. Антолјак, Самуиловата држава, стр. 97, 179, бел. 1019.

44. Ив. Снегаров, Град Охрид. София, 42; сп. А. Дероко, Средњевековни градови, 195.

45. Гръцки извори, VI, стр. 291.

46. В.Н. Златарски, История на българите през средните векове, I/2, София 1927, 776.

Богдан, кој му ги предал внатрешните тврдини, а за што бил почестен со патрициски чин.[47] Од Струмица Василиј II заминал за Скопје, каде го поставил за стратег-автократор Давид Аријанит; потоа се вратил назад и преку Штип и Просек пристигнал во Охрид, каде што „целиот народ го пречекал со борбени песни, со ракоплескање, и весели извици“.[48] Овојпат Василиј II влегол и во акрополот на Охрид каде што се наоѓале царските дворци. Притоа на императорот му биле отворени ризниците на македонските цареви, во кои имало „многу пари, круни од бисери, од злато исткаени алишта и 100 кентенарии ковани пари од злато; сето тоа тој го истрошил за исплата на војската си“.[49]

По кратко задржување во охридскиот акропол, Василиј II се вратил во својот логор[50] откако го назначил за управител на градот (ἄρχοντα τῆς πόλεως) патрициј Евстатиј Дафномил.[51]

Во својот логор Василиј II ги примил жената на Јован Владислав со трите синови и шесте ќерки. Јован Скилица соопштува дека таа довела со себе и еден незаконороден син на Самуил, како и две ќерки и пет синови на Гаврило Радомир. Иако царицата Марија императорот ја примил „милостиво“, наредил истата да биде чувана, бидејќи тројцата нејзини синови (Прусијан, Алусијан и Арон) успеале да избегат во планината Тмор т.е. денешната планина Томор во Албанија.[52] Во меѓувреме на императорот му се предале заедно со своите војници и велможите Несторица, Зарица и Добромир. Не одело многу и избеганите синови на Марија, заобиколени со големи византиски војски, решиле да се предадат. Нив Василиј II ги примил во градот Девол, на „една издигната трибина“. Притоа Прусијан бил удостоен со титулата магистер, а неговите двајца браќа со патрициски титули. Тука бил доведен исто така и војсководачот Ивац кој избегал на планината Ерохот, каде имал „многу убави дворци, наречени Проништа, градини и слични места за уживање“. Тој, според известувањето на Јован Скалица, одбивајќи да му се потчини на Василиј II почнал да собира војска, го раздвижил и околното население, но бил оневозможен да крене востание од охридскиот архонт Евстатиј Дафно-

---

47. Грцки извори, VI, стр. 291; сп. Б. Панов, Струмичката област во време на Самоил, 168.

48. Грцки извори, VI, стр. 291; Византијски извори, III, стр. 126; сп. и Ив. Снегаров, Град Охрид. — Македонски преглед, IV/1. София 1928, стр. 103, бел. 2; Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од XI до XII век. — Македонска музика, 2. Скопје 1977/78, стр. 45.

49. Грцки извори, VI, стр. 291.

50. Ibidem; сп. С. Антолјак, Самуилова држава, стр. 186, бел. 1100.

51. Грцки извори, VI, стр. 291.

52. Ibid., 291—292.

мал. Нему му успеало да го фати, ослепи и доведе во логорот на императорот во Девол.[53] На тој начин до крајот на 1018 година и населението од охридскиот крај било натерано да го признае византиското господство.

## II

Во почетокот на 1019 година императорот-победник Василиј II се вратил во Цариград и влегол „триумфално низ големата врата на Златните порти овенчан со златна круна"; со себе ги носел царицата Марија, која пред тоа ја удостоил со титулата зости, Самуиловите ќерки, други членови од македонското царско семејство, како и голем број претставници на македонската феудална аристократија.[54] На тој начин македонскиот народ бил обезглавен, зашто неговите вистински водачи биле отстранети од Македонија и протерани главно во источните владенија на Византија.

Пред да се повлече од Македонија, императорот Василиј II наредил исто така да бидат разурнати голем број тврдини, кои можеле да се претворат во упоришта за давање отпор против византиската власт. Во оние пак што биле оставени, биле сместени византиски гарнизони и назначени „управници од Ромеите".[55]

Од таквата политика на Василиј II бил доста засегнат и градот Охрид. Во т.н. Виенски додаток на Скиличиевата хроника, што го направил Михаило Деволски, се наведува дека Охрид „го разрушил императорот Василиј, бидејќи се плашел дворците на Бугарите (Македонците),[56] кои се наоѓале во него, да не постанат големо жариште на побуна".[57] Со тоа Охрид од „метропола на цела Бугарија" (Македонското царство),[58] бил претворен само во седиште на Охридската тема, во која воено-

---

53. Ibid., 292—295; сп. и Т. Томоски, Преспа во средниот век — Историја, XV/2. Скопје 1979, 71 и сл.

54. Историја на македонскиот народ, I, стр. 145.

55. В. Р. Розен, Император Василий Болгоробойца. Извлечения из летописи яхъи Антиохийского. Санктпетербург 1883, 59.

56. За употребата на поданичкото име „Бугари" и по ликвидирањето на Првото бугарско царство 971 година, види: С. Антолјак, Самуиловата држава, стр. 120, бел. * , 121—122; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје 1971, 295 и сл.; истиот. Toward the Ethnogenesis of the Macedonian People. — Macedoine. Skopje 1981 37—47.

57. B. Prokić, Die Zusätze in der Handschrift des Johannes Skvlitzes Godex Vindobonensis hist. graec. LXXIV. München 1906, S. 37, № 69.

58. Грцки извори, VI, стр. 291; сп. С. Антолјак, Самуиловата држава, 87.

административна единица покрај Охрид влегувала и околната област. На тој начин византиската централна власт успеала и во охридскиот крај да воспостави трајна и стабилна власт.

По напуштањето на градот Охрид, Василиј II на блиската планина што се наѓала меѓу Охридското и Преспанското Езеро „изградил тврдина на нејзиниот врв и ја нарекол Василида (Βασιλίδα[59]) а друга на спомнатото езеро".[60] Според Михаило Деволски втората тврдина Василиј II ја нарекол Констанцион (Κωνστάντιον[61]) Со тоа императорот Василиј II наложил постојана контрола над населението од царските престолнини Преспа и Охрид и околните населби, т.е. ги вклучил во рамките на одделните теми.[62]

Границите на Охридската тема (θέματι)[63] не биле постојани; биле менувани во зависност од внатрешната и надворешната опасност за византиската држава на овој терен. За разлика од соседната, Пелагониска тема, која била поголема,[64] таа ги опфаќала само помалите околни места и гратчиња. Во неа влегуваае: Мокра, која Теофилакт Охридски ја нарекол дел τὸ τμῆμα) од Охрид,[65] потоа — Кичево (Κίτταβα),[66] Преспа (Πρέσπας) како и некои други околни места. Но, иако мала, Охридската тема била од големо стратегиско значење за Византиската империја. Таа опфаќала важни крстопати.[68] Градот Охрид се наоѓал на важниот пат Via Egnatia и бил тесно поврзан со Драч

59. Грцки извори, VI, стр. 292. Во последно време Т. Томоски го локализирал овој град кај месноста „Кале" што се наоѓа околу 5 км од с. Евла (Т. Томоски, Белешки за некои местности во Македонија во почетокот на XI век. — Во кн. Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. Скопје 1971. 208—209; истиот, Преспа во средниот век, 73—74.

60. Грцки, извори, VI, стр. 292.

61. B. Prokić, Die Zusätze... 34 № 47. Според Томоски. Констанцион бил изграден наспроти островот Аил, во близина на брегот на малото Преспанско Езеро, во месноста Кале кај с. Рудари. (Т. Томоски, Преспа во средниот век, 74).

62. Опстојно за тематското уредување во Македонија во време на византиското владеење, види: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 225 и сл.; сп. и Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв. Москва 1960, 250 и сл.

63 Поопстојно за неа, види: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 228 и сл.

64. Theophylacti Bulgariae archiepiscopi Epictolae, edd. J. P. Migne, PG, t. Paris (Понатаму: Theophyl), col. 532. D—533, A,

65. Ibid., col. 484, C.

66. Ibid., col. 416, D.

67. Ibid., col. 469, B.

68. Ibid., col. 532—533; сп. и Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси. София 1960, 37 и сл.

и Солун.[69] Затоа во него секогаш престојувале голем број патници,[70] и византиските императори.[71]

Управниците на Охридската тема во изворите различно се рангирани. Секако тоа зависело од моменталните услови во кои се наоѓал Охридскиот крај. Во случај на поголема опасност во Охрид се испраќал управител со повисока титула, зашто таквото лице командувало и со поголема војска.[72]

Во времето на Василиј II Охрид имал „архонт на градот". Тоа бил патриција Евстатиј Дафномил, кој управувал со помошта на „сигурна стража".[73] Подоцна, управителот на Охридската тема се сретнува и со титулата „стратег" (στρατηγὸς)[74] Во времена Алексиј Комнин (1081—1118) бил заменет охридски стратег со нов, т.е. со Михаил, „синот на господин Полиевката".[75] Тогаш на чело на Преспа се наоѓал „архонт" (ἄρχων)[76].

Кон средината на XII век, Охридската тема била обединета со поголемата Драчка тема. Во 50-те години на XII век „дукс на Драч и Охрид" (ὄντα δοῦκα τοῦ Δυραχίου καί τῆς 'Αχρίδος), т.е. управител на „охриѓаните и жителите на Епидамнон (Драч)" бил Алексиј, внукот на кесарот Никифор Вриениј.[77] Кон крајот на XII век, кога и во Македонија зел широки размери сепаратизмот на феудалците,[78] покрај Охрид, и Преспа постанала седиште на посебна тема.[79]

Со паѓањето на Охрид под византиска власт не била укината Охридската архиепископија, туку биле извршени само видливи измени во нејзината висока управа и во статусот. Императорот Василиј II сметал дека наложениот „јарем" на поданиците на Самуиловата држава би бил побезболен доколку и црквата се ангажира во тоа. Затоа дозволил Охрид да остане и натаму седиште на поглаварот на Охридската архиепископипија. Тој дури ги потврдил со специјални грамоти поранешните права на Охридската црква, а ѝ доделил и нови привилегии.[80]

---

69. Б. Некдов, България..., 39—41; сп. и Г. Шкриванић, Путеви у Средњевековној Србији. Београд 1974, 76—81.

70. Theophyl., col. 533, A.

71. Анна Комнина, Алексиада. Вступительная статья перевод, комментарий Я. Н. Любарского. Москва 1969, 155, 157, 163.

72. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 228 и сл.

73. Гръцки извори, VI, стр. 291, 293.

74. Ibid., 335.

75. Theophyl., col. 528, C—D.

76. Ibid., col. 469, B.

77. Νέος Ἑλληνομνήμων. 13 (1916), 10; сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария Византия, стр. 272 и бел. 100; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 236.

78. История Византии, 2. Москва 1967, 258 и сл.; Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век..., 193—194.

79. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 268.

80. С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София 1963, 144 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 351 и сл.; Историја на македонскиот народ, I, стр. 148 и сл.

Но, сепак, Василиј II не попуштал да го замени архиепископот Давид со ново лице, т.е. со Јован Дебарски, кој, исто така, бил од македонско потекло, но верен исполнител на неговите наредби.[81]

Уште од почетокот на византиското владеење, Охридската црква била подредена така, што безрезервно морала да ја спроведува во рамките на својот диоцез политиката на византиската централна власт. Иако Охридската црква била управувана од „автоќефален"(αὐτοκέφαλον[82]) архиепископ, тоа не значи дека таа по 1018 година останала како независна црква. Суштината на автоќефалноста на Охридската архиепископија се состоела само во тоа што охридскиот архиепископ го имал правото самостојно да ги управува неговите потчинети епархии, кога притоа ја спроведувал во дело византиската државна и црковна политика. Тоа пак значи дека Охридската црква била претворена во орудие на византиската држава, со чија помош византиските императори го одржувале своето господство над Македонците и другите потчинети народи. Охридската црква задржала само еден вид автономна самоуправа во рамките на Цариградската патријаршија. Охридскиот архиепископ бил член на главната управа на Патријаршијата, учествувал на нејзините заседанија и сл.[83] Иако цариградскиот патријарх не се мешал во компетенциите на охридскиот архиепископ, сепак последниот се раководел од неговите директиви.[84]

Инаку, во текот на византиското владеење границите на Охридската архиепископија биле менувани. Во диоцезот на Архиепископијата во времето на Василиј II влегувале 32 епархии, додека кон крајот на XI век нивниот број се намалил и изнесувал околу 26 епархии.[85]

Градот Охрид покрај архиепископско седиште бил седиште и на Охридската епархија, во која влегувале неколку помали црковни области (енории). Тоа биле енориите: Мокра, Кичево и Преспа.[86] Исто така во Охрид се наоѓало и седиштето на Црковниот синод, кој го сочинувале епископите од одделните епархии. Своите годишни собранија Синодот ги одржувал во Охрид, а понекогаш и во Преспа.[87].

Охридскиот архиепископ ја управувал својата црква освен со помошта на Црковниот синод и со голем број „црковни пр-

81. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 290.

82. Theophyl., col. 416, D—417, C.

83. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 256 и сл.

84. Theophyl., col. 332, A; 376, A—B—C.

58. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 267—272.

86. Theophyl., col. 416, D; 469, B.; 484, C; sp., Ив. Снегаров, Исторория на Охридската архиепископия, I. София 1924, 189.

87. Theophyl., col. 469, B—D; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 272 и сл.

венци".[88] По смртта на Јован Дебарски 1037 година, како архиепископите така и епископите и другите високи црковни органи биле бирани од редовите на грчкото свештенство. Така, наследникот на Јован Дебарски, архиепископот Лав, пред да стане архиепископ бил долгогодишен хартофилакс на црквата Св. Софија во Цариград. Инаку, тој бил роден во Пофлагонија (Мала Азија).[89] За неговото име е врзано и изградувањето на црквата Св. Софија во Охрид.[90] Исто така и наследникот на Лав, архиепископ Теудул, бил од малеозиските владенија на Византија, од градот Тетрапол. Пред да стане архиепископ и тој бил на служба во Цариград; служел како игумен во црквата Св. Мокиј.[91] За време на неговото архиепископување во Охрид (1056—1065) била изградена „голема црква" (μεγάλην ἐκκλησίαν) во горниот дел на подградието, во што помогнал и месниот македонски феудалец, Јован Анчо (Ἰωάννου τοῦ Ἀντιζῶ)[92].

Наследниците на архиепископот Теудул исто така биле од грчко потекло и добри заштитници на „ромејската власт" во Македонија. Во тоа особено предничел архиепископот Теофилакт Ифест, познат во науката и како Теофилакт Охридски[93] За време на неговото архиепископување во Охрид, што се совпаѓа со владеењето на императорот Алексиј I Комнин (1081—1118),[94] како во Охрид така и во целиот диоцез на Охридската архиепископија, била осетно засилена грцизацијата врз словенските поданици.[95] Таквата асимилаторска политика на византиската држава, охридските архиепископи ја спроведувале во дело со помошта на потчинетите епископи кои исто така биле проверени и предани Грци.[96] Синодот на Охридската црква, кој ги назначувал или сменувал епископите на одделните епархии,[97] а во чијашто одлука секогаш главен збор имал архиепископот, при назначувањето на епископите, се раководел од тоа, кандидатот да е „човек добро приготвен ... во духовите и световните работи".[98]

---

88. Theophyl., col. 337. Д—340, А,

89. Гръцки извори за българската история. VII. София 1968, 110; сп. и Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 195—197.

90. Гръцки извори, VII, стр. 110; сп. и В. Н. Лазарев, Живопись XI—XII века в Македонии. — XII[e] Congrès international des Ètudes Byzantines, Rapports, V. Belgrade—Ochride 1961, 114 и сл.; Д. Коцо, Црквата св. Софија во Охрид. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2. Скопје 1949, 341—348.

91. Гръцки извори, VII, стр. 110; сп. Ив. Снегаров, История, I, стр. 197.

92. Гръцкии звори, VII, стр. 110. и бел. 7.

93. Опстојно за него, види: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 11 и сл.; С. Маслев, Гръцки извори за българската история, IX. София 1974, 5 и сл.

94. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 27—45.

95. Ibid., 281 и сл.

96. Ibid., 274 и сл.

97. Ibid., 275 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 357.

98. Theophyl, col. 524, D—525, B.

Грцизаторската политика на Византија во Македонија, а посебно во Охрид, дошла до израз уште во времето на Василиј II. Само што паднал градот Охрид под византиска власт, грчките црковни органи се зафатиле со уништувањето на словенските писмени документи, житијата и сл. Притоа настрадале голем број ракописи.[99] По 1037 година византиската грцизаторска политика уште повеќе се засилила, за да достигне кулминација кон крајот на XI и почетокот на XII век, кога архиепископот Теофилакт напишал две житија: за Климент Охридски и за Тивериополските маченици, како и повеќе песни, со што ги натерал охриѓани, а и другите верници од Македонија и соседните земји, да слушаат проповеди на неразбирлив грчки јазик за своите популарни светци.[100] Се разбира, како порано така и сега, грцизаторската политика на Византија насекаде наидувала на отпор. Дури и во самото седиште на Архиепископијата —градот Охрид грцизмот не продрел меѓу народот. Теофилакт Охридски отворено морал да признае, дека „Охриѓани ја слушаат мојата песна (т.е. проповедот) како магарињата лирата".[101] До своите пријатели тој се плачел, дека секој охриѓанец речиси бил „врат без глава", којшто не знаел да го почитува ниту бога, ниту човека. „Најжално е тоа, вели тој, што и надеж дури нема тие вратови со помошта на некакви горни сили да добијат некаква глава, а исто и пријателство".[102] Со такви и слични признанија изобилуваат писмата на овој архиепископ, што ги испраќал до одделните претставници на византиската црковна и световна власт.[103] Сето ова, пак, говори дека како во Охрид така и по околните села Македонците продолжиле да си општаат на својот мајчин јазик, кој за Теофилакт и другите грчки иерарси бил „варварски" јазик.[104] По околните села и манастири и натаму продолжила да се негува словенската книжнина, а за што сведочи т.н. „Болонски псалтир", напишан на словенски јазик во с. Рамне (Охридско), како и т.н. Битолски триод, напишан во XII век од Георги Граматик во Свети Врачи (Кичевско).[105]

*

* *

По ликвидирањето на Самуиловото царство и вклучувањето на Македонија во рамките на Византиската империја, под влијание на византискиот феудализам бил забрзан развитокот

99. В. А. Мошин, Сербская редакция Синодика в неделю православия. — Византийский временик, XVI (1959), — 349—350, 368, 392.

100. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 41, 281—310.

101. Theophyl., col. 324, A; 337, D—340, A.

102. Ibid., col. 508, B.

103. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 291 и сл.

104. Theophyl., col. 472, C; сп. и Б. Панов, Теофилакт Охридски, 295.

105. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 307 и бел. 317.

на феудалните односи. Насекаде низ Македонија се засилил процесот на разложувањето на слободните селски општини, кои сè до 1018 година биле доминантни во Македонија.[106] Како резултат на тоа со забрзано темпо почнал да расте и да се зајакнува крупниот световен и црковно-манастирски феудален земјопосед.[107]

Охридскиот крај, каде што уште од времето на Климента биле поставени основи за растеж на крупниот феудален земјопосед,[108] сега исто така бил опфатен од забрзан процес на развиток на феудалните односи. Голем бил бројот на македонските феудалци од Охридскиот крај, кои потчинувајќи му се доброволно на императорот Василиј II ги задржале своите феудални стопанства и привилегии, а дури се здобиле и со нови имоти и привилегии. Со богати имоти и привилегии особено била удостоена Охридската црква, зашто од нејзините органи „се сакало повеќе отколку од другите" за држање во потчинетост на поданиците.[109] Заради тоа, императорот Василиј II само што ја потчинил Македонија ја удостоил Охридската црква со имоти и зависно население, т.е. со 40 клирици и 30 парици.[110] Ваквата пракса била продолжена и од наследниците на Василиј II. Како резултат на тоа кон крајот на XI век Охридската црква располагала со повеќе села во Охридската област, по реката Вардар, а и во другите краишта на Македонија.[111] Со приходите од црковните феудални стопанства главно располагале охридските „црковни првенци" (ἀρχόντων ἐκκλησιτικῶν), [112] а посебно архиепископите, кои се претвориле во крупни феудалци.[113]

Во време на византиското владеење со забрзано темпо почнал да расте во Македонија и крупниот манастирски земјопосед.[114] Тогаш и во Охридскиот крај почнал да се зголемува

---

106. Ibid., 71 и сл.; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 38 и сл.; истиот, Византийское общество и государство в X—XI вв. Москва 1977, 7 и сл.

107. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 83 и сл.

108. Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење (средина на IX в. — 969 година). — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 5—6 (31—32). Скопје 1979/80, 152 и сл.

109. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 83 и сл.

110. С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, 145 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 90 и сл.

111. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 80 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 90 и сл.

112. Theophyl., col. 337, D-340, A.

113. Ibid., col. 448, C—D—449 A—B. Особено крупен и практичен феудалец бил Теофилакт Охридски (Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия 88).

114. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 73 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 92 и сл.

земјопоседот како на византиските така и на македонските манастири. Во време на архиепископувањето на Теофилакт Охридски македонски манастир требало да се изгради и во Кичевската енорија, но до тоа не дошло бидејќи на тоа остро се протиставил архиепископот Теофилакт, иако калуѓерот што требало да го гради се имал здобиено и со документ (дозвола) од цариградскиот патријарх.[115] Инаку, со приходите од манастирските поседи главно се користеле игумените и нивните најблиски соработници.

Со забрзано темпо почнал да расте во Македонија во време на византиското владеење и крупниот световен феудален земјопосед.[116] За тоа придонела и самата византиста централна власт. Во Охридскиот крај исто така голем бил бројот на македонските и туѓи феудалци кои се здобиле со дел од село, цело село или повеќе села по пат на доделување на пронии.[117] Такво едно село „коешто од старо време" го владеела Охридската црква било доделено кон крајот на XI век од страна на императорот Алексиј I Комнин на пронијар.[118] Освен преку доделување на пронии, феудалците во Охридско (како што било случај и во другите краишта на Македонија),[119] си ги наголемувале своите феудални стопанства и по пат на засновување патронатски односи со селаните од слободните селски општини, како и по пат на грабежи. Притоа особено на удар биле изложени имотите на оние селани, чиишто семејства останувале без стопани. Во таквиот случај околните феудалци оделе кон тоа да „убиваат сираче и вдовица", а потоа сè заграбувале, зашто немало никој „кој да ги спаси и избави" — соопштува во своите писма архиепископот Теофилакт.[120]

Напоредно со присвојувањето на имотите на селаните, феудалците се стремеле секогаш да ги стават под своја зависност и самите селани, а што била главната одлика на феудалното општество воопшто.[121] Како резултат на тоа и во Охридско селанството масовно потпаднало под власта на црковни и световни феудалци. Во разгледуваниот период на лице биле повеќе категории феудално-зависно населени: парици, клирици, отро-

---

115. Theophyl col. 417, A—B.

116. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 128 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 96 и сл.

117. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 97 и сл.

118. Theophyl., col. 533, D—536, A—B. Sp.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 97 и сл.; Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство, 24.

119. Б. Панов. Теофилакт Охридски, 73 и сл.

120. Theophyl., col. 313, B—C.

121. Ф. Энгельс, Сборник „Об Англии". Москва 1952, 10; сп. и М. М. Фрейденберг, Развитие феодальных отношений в византийской деревне в XI—XII вв. — УЗ ВГПИ. Великие Луки 1956, 120 и сл.

ци, робови и др.[122] Луѓето кои потпаѓале под феудална зависност отсега морале да извршуваат двојни обврски: за византиската држава и феудалните господари. Во овој период на лице биле трите вида феудална рента: одработната, натуралната и паричната.[123] Населението од Охридско, како и другото население на Македонија, било обременето во овој период со голем број обврски. Бесплатно поправало и градело тврдини, мостови, патишта и сл. Освен тоа морало да обезбедува за војската кога поминувала низ нивните села бесплатна храна и стан, а исто така и за големиот број државни органи. Истовремено тоа било должно да доставува за државата, црквите, манастирите и воопшто за феудалните господари и десеток од житото, добитокот, рибата итн. Од 40-те години на XI век, пак, кога Византија спровела во дело парична реформа, потчинетите Македонци морале да ги плаќаат главните државни даноци во пари. Тоа биле: ѕевгологионот, земјишен данок; капниконот, данок на куќа (домаќинство); еномионот, данок за пасиште, како и многу други даноци и такси што се плаќале во пари како за државата, така и за одделните феудалци (световни и црковни).[124]

Обременоста од даноци и разни ангарии било причина во Македонија уште во почетокот на XI век да се засили класната и ослободителната борба.

Борбата на македонскиот народ против наложеното византиско господарство почнала да доаѓа до израз веднаш по поаѓањето на царската престолнина Охрид под византиска власт во 1018 година. Јован Скилица соопштува дека војводата Ивац „не сакал да се потчини на божјата волја". Откако собрал војска, вели тој, „започнал да ги бунтува околностите", замислувајќи притоа „да крене и востание" за отстранување на византиската власт. За да го загуши неговиот отпор Василиј II морал да се задржи во загрозените краишта цели 55 дена.[128]

---

122. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 111 и сл.

123. Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век според писмата на Теофилакт Охридски. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 22 (1970) 236 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 201 и сл.

124. Сп.: П. Тивчев, За класовата борба във византийското село през XII век. — Исторически преглед, XVIII/1 (1961), 83 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 201—219, 309 и сл.; Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношения в Средновековна България (XI—XIII в.) София 1964, 119 и сл.; Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век, 237 и сл.

125. Грцки извори, VI, стр. 304.

126. Theophyl., col. 372, A—B.

127. Ibid., col. 405, C.

128. Грцки, извори, VI, стр. 292—295; сп. и Т. Томоски, Преспа во средниот век, 71 и сл.

За сличен отпор на макоднскиот народ против наложеното византиско господарство, соопштува и современикот Михаило Псел. Имено, тој нагласува, дека македонскиот народ кратко време по неговото потчинување од Василиј II „се потруди да се врати кон понапрежната горделивост: некое време не се јави со јавно востание, но кога дојде еден од тие што беа готови да ја подбуцнат нивната дрскост, се појави згустена веќе нивната определеност за непријателството".[129]

Во 1040 година отпорот на македонскиот народ против наложеното византиско господарство се изразил и преку кревање на отворено народноослободително востание на чело со Петар Делјан.[130]

Непосреден повод за кревањето на ова народноослободително и антифеудално востание биле измените во даночната политика на Византија, кои влијаеле осетно да се влоши положбата на македонскиот и другите соседни народи.[131] Таквата политика ја дерижирал и спровел во дело братот на императорот Михаило IV (1034—1041), Јован Орфанотроф, којшто фактички управувал со византиската држава. Дека неговата даночна политика била причина осетно да се влоши положбата на балканските поданици, соопштува и Јован Скилица: „Императорот Василиј (II) откако ги потчинил Бугарите (т.е. Македонците)[132], ништо не сакал да измени, ниту пак да прави воопшто нови измени, туку ги оставил нештата во поранешната си состојба, така како што беше ги наредил Самуил, а имено: секој Бугарин (Македонец), којшто имал чифт волови, да и дава на државата по една крина жито и толку просо и по една стомна вино. А во замена на овие храни орфанотрофот (Јован) наредил да се дава номизми. И така месното население, откако не можело да го поднесува лесно тоа и кога нашло поволен случај со појавата на Делјан, го отфрлило ромејското владеење и се вратило кон стариот си начин на управување."[133]

129. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, стр. 98 и бел. 436 и 437.

130. Историја на македонскиот народ, I, стр. 159 и сл.

131. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 378.

132. Дека Византијците и по ликвидирањето на Првото бугарско царство 971 година продолжиле да го употребуваат поданичкиот назив „Бугари" за Македонците и другите потчинети народи, види: Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ. — Гласник на ИНИ, XVI/3 (1972), 88 и сл.; сп. и Документи, I, стр. 78, бел. 332.

133. Гръцки извори, VI, стр. 304.: Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношеня в Средновековна България, 143 и сл.; Х. Меловски, Прилог кон даночната политика на Самуиловата држава.. — Гласник на ИНИ, XX/1 (1976), 177—182.

Водачот на востанието Петар Делјан бил „незаконороден“ син на Гаврило Радомир, синот на Самуил.[134] во т.н. Виенски додаток на Скилицината хроника, Михаило Деловски соопштува дека Петар Делјан бил роден од првата жена на Гаврило Радомир, т.е. од унгарската принцеза, којашто била бремена избркана од Гаврило по заземемањето на градот Лариса, како би се оженил со убавата робинка Ирина.[135]

Самиот факт дека Петар Делјан бил пречекан од востанатите Македонци во „земјите во соседство на кралот на Турција (Унгарија)“,[136] т.е. во моравско-белградските краишта[137], доста убедливо говори дека тој одраснал и се здобил со потребните воени вештини на унгарскиот двор.[138]

Откако по стариот обичај Петар Делјан бил прогласен од востаниците за нивен цар (βασιλέα) преку Ниш тој се упатил кон Скопје. По патот насекаде бил со восхити пречекуван, зашто Македонците „коишто отскоро подложиле врат по јаремот силно се стремеле кон слобода“.[139]

Освен Македонија, уште истата година, востанието ги зафатило и другите соседни земји: Србија, Бугарија, Албанија, а и некои грчки области. Така, грчкото население од Никополската тема во Епир се кренало на востание „и го отфрлиле ромајското ропство не толку од благорасположеност кон Делјана, туку поради ненаситеноста на орфанотрофот (Јован) и поради прекомерното собирање на даноци“.[140] Затоа, за грчкото население востанието имало само антифеудален карактер, додека за македонското, бугарското, српското и албанското имало уште и ослободителен карактер, зашто освен против феудалните господари било дигнато и против византиската држава.[141]

Градот Охрид со својата околина брзо бил зафатен од востанието, зашто охриѓаните за време на византиското владеење секогаш биле надахнати со „слободољубиви мисли“ и копнееле

---

134. Документи, I, стр. 102; сп.: B. Prokić, Die Zisätze..., S. 31, 35—36; S. Antoljak, Petar Deljan ili Odeljan? — Прилози, I/1, изд. на МАНУ Скопје 1970, 43—53, каде што опстојно се говори околу презимето Делјан.

135. Документи, I, стр. 102—103.

136. Гръцки извори, VI, стр. 302.

137. Ibidem.

138. На унгарскиот двор Петар Делјан се здобил и со титулата бан (Делань Бань). Вид.: Г. Фехер, Влияние на българската черква в Мад-жарско. — Сборник в чест на Васил Н. Златарски. София 1925, 492—498.

139. Гръцки извори, VI, стр. 302. Да биде Петар Делјан избран за цар влијаела неговата крвна врска со Самуиловиот царски род (Документи, I, стр. 98—99).

140. Гръцки извори, VI, стр. 303—304.

141. Г. Г. Литаврин. Болгария и Византия, 396; Историја на македонскиот народ, I, стр. 162.

за своите „честити времиња", т.е. за времето кога располагале со своја држава и свои цареви.[142]

Исплашен од брзото ширење на востанието, драчкиот стратег Василиј Синадин „ги дигнал месните војски и побрзал да го пресретне Делјан, пред злото да се зголеми и да пламне пожар". Меѓутоа, кога „стигнал до таканаречениот Дебар (Δέβρην) — соопштува Скилица — тој се скарал за нешто со еден од потстратезите, Михаило Дермокаит, и бил наклеветен пред императорот дека замислувал узурпација". Поради тоа тој бил фатен и одведен во солунскиот затвор. Неговото место го зел Михаило Дермокаит. Но тој управувал — вели Скилица — „неопитно и лошо и за кратко време сѐ обрнал наопаку". Тоа пак било причина неговите потчинети луѓе да се кренат против него, зашто биле лишени и „од коњите и колите си и од сѐ вредно што имале". Побунетите го одбрале да ги предводи „еден војник, испитан по храброст и разум, по име Тихомир". Од востаниците и тој бил избран за цар. На овој начин - продолжува Скилица-биле создадени „два востанички логори". Едниот востанички центар го признавал за свој цар Делјан, а другиот Тихомир. За да го ликвидира расцепот, Петар Делјан му напишал на Тихомир „пријателско писмо, со кое го канел за заеднички акции". Откако Тихомир пристигнал и се соединиле двете востанички војски, Петар Делјан ги известил дека го „води потеклото си од Самуила".[143] Бидејќи имал во себе царска крв од родот на Самуила, Петар Делјан ја добил „целата власт" во своите раце, а Тихомир бил каменуван и убиен.[144]

Откако Петар Делјан „станал господар на сите, започнал храбро да ги раководи акциите". Од Македонија сега востанието се проширило и во Албанија, бил освоен и градот Драч. На страната на Делјан поминала и Никополската тема, во Епир без градот Новпакт, а биле освоени и некои градови на Елада.[145]

Од охридско-дебарските краишта, каде најверојатно дошло до здружување на востаниците на Петар Делјан и Тихомир, главнината на војската, предводена од самиот Делјан се упатила кон Острово.[146] Притоа тој планирал да го освои и Солун. Но во екот на овие настани во Македонија пристигнал Алусијан, вториот син на Јован Владислав. Тој дошол „тајно" од Теодосипол, каде бил „патрициј и стратег". Во Острово, каде „тогаш живеел Делјан со целата си војска", Алусијан пристигна во септември 1040 година.[147]

---

142. Theophyl., col. 308, B; 444, C—445, A; 508, C. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 300—302.

143. Грънки извори, VI, стр. 302—303.

144. Ibid., 303.

145. Ibid., 303—304.

146. Ibid., 304—305.

147. Ibid., 304.

Петар Делјан го примил Алусијан „радосно", бидејќи се плашел да не поминат востаниците на негова страна, зашто и тој имал во себе „царска крв".[148] Доаѓањето на Алусиајн во логорот на Петар Делјан било најважната причина „за победата на императорот" Михаило IV.[149] Јован Скилица соопштува, дека „изгледа" Делјан ја „поделил со него царската власт", кога му отстапил 40-илјадна војска и го испратил да го заземе Солун.[150] Поради лошата воена тактика, кај Солун Алусијан претрпел катастрофален пораз. Голем дел од неговата војска била убиена и заробена. Алусијан одвај се спасил и стигнал во Острово.[151]

По поразот кај Солун, истата 1041 година, било задушено востанието. Причина за тоа бил Алусијан. Последниот откако пристигнал во Острово почнал да се сомнева во намерите на Делјан. Поради тоа на еден банкет „го фатил и ослепил" Делјан, а веднаш потоа „избегал кај императорот" Михаило IV, за што добил магистерски чин.[152]

Ослепениот Делјан бил немоќн да му се спротивстави на императорот Михаило IV, којшто сега поминал во офанзива. Со голема војска тој сега навлегол во Македонија, го фатил слепиот Делјан, а потоа продрел во „внатрешноста на земјата".[153]

Охридската област сега била исто така претворена во арена на жестоки борби. Императорот Михаило IV откако ја разурнал дрвената преграда (δέμα) кај Прилеп, којашто ја изградил Маноило Ивац со цел да ја „сопре императорската војска да напредува и да ја заземе внатрешноста", и откако му ја распрснал војската и го „фатил Ивада", брзо продрел во Охридско и другите македонски области, и така одново насекаде ја воспоставил својата власт. По поставувањето стратези на темите, тој победоносно се вратил во Цариград, „водејќи ги со себе Делјан и Ивац".[154] Со тоа насекаде во Македонија 1041 година било задушено востанието.

Востанието на Петар Делјан ја претставувало првата етапа од борбата на македонскиот народ против византиското господство.[155]

По ликвидирањето на востанието на Петар Делјан, императорот Михаило IV побрзал да постави „стратези на темите",[156] кои со помошта на поверените гарнизони војска со големи жес-

148. Ibid., 304—305. Сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия 389,
148a. Грьцки извори, VI, стр. 305.
149. Документи, I, стр. 100.
150. Грьцки извори, VI, стр. 305.
151. Грьцки извори, VII, стр. 14—15.
152. Грьцки извори, VI, стр. 305; Документи, I, стр. 101—102.
153. Грьцки извори, VI, стр. 306;
154. Ibidem; Документи, I, стр. 102.
155. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 396.
156. Грьцки извори, VI, стр. 306.

токости одново ја зацврстиле византиската власт во потчинетите градови и села. Поради жестоките репресалии 1041 година морале да ја напуштат Македонија голем број востаници. Од т.н. Барски анали се дознава дека тогаш голем број востаници-Македонци (Macedones) нашле засолниште на Сицилија.[157]

Градот Охрид иако бил седиште на Охридската тема, останал и натаму „во урнатини", т.е. „не бил утврден". Причина за тоа бил фактот-како што пишува Михаило Деволски-дека Византија се плашела тој одново да не постане „важен востанички центар".[158]

Дека Византијците со право стрепеле од избувнување на ново народноослободително востание во Македонија, се обистинило 1072 година, кога „првенците" на Скопје предводени од Ѓорѓи Војтех повторно кренале востание против Византија.[159]

Главната причина за кревање на востанието на Ѓорѓи Војтех била дека и сега македонскиот народ бил обременет со тешки даноци. „Народот-пишува продолжителот на Скилица-... и сега (како и во времето на Делјан) започнал да мисли за востание. Тој не можел да ја поднесува алчноста на Никифор и тоа што тој го направил против сите, зашто императорот( Михаило VII Дука) не се грижел за ништо и се бавел само со несериозни и детски работи".[160]

Организаторите на востанието за успешно изведување на истото побарале и надворешна помош од страна на зетскиот владетел Михаило. Не случајно била побарана помош од овој балкански владател. Тој преку својот татко Стефан Воислав бил крвно поврзан со родот на Самуил.[161] Михаило „со задоволство" ги ислушал македонските „првенци" кои дошле кај него за да побараат помош за да се ослободат „од власта и гнетот на Ромеите". Тој дури им го дал својот син Константин Бодин „да го прогласат за цар". Прогласувањето на Константин Бодин за цар станало во Призднана (Призрен) во присуство на „скопските првенци, чиишто водач бил Георги Војтех". Притоа тој бил прекрстен од Константин во Петар во чест на Петар Делјан. Во Призднана заедно со Бодин дошле и 300 одбрани војници.[162]

---

157. Документи, I, стр. 103—104.

158. B. Prokić. Die Zusätze..., S. 37, № 69.

159. Документи, I, стр. 107.

160. Ibidem.

161. Ibidem. Стефан Воислав бил внук на цар Самуил од неговата ќерка Косара, која се омажила за Јован Владимир (С. Антолјак, Самуиловата држава, 37).

162. Документи, I. стр. 107. Сп.: С. Антолјак, Учеството и улогата на Србите, Хрватите и Унгарците во востанието на Георги Војтех (1072). — Гласник на ИНИ, XVIII/1 (1973), 115 и сл..: Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, 89; Историја на македонскиот народ, I, стр. 160—161.

Скопскиот дукс Никифор Карантин откако бил известен за сè што се случило во Призиана, ги повикал своите потчинети стратези за да ги нападнат со заеднички сили востаниците уште во Призиана. Но, додека тој се подготвувал пристигнал неговиот заменик Дамјан Даласин, којшто заедно со сменетиот дукс Карантин и потчинетите стратези ги нападнал востаниците. Притоа византиската војска доживеала катострофален пораз. Самиот дукс Дамјан Даласин паднал во ропство. По победата Бодин „отворено" бил прогласен на цар од страна на востанатиот народ. Веднаш потоа востаниците биле поделени на два дела. Еден дел од востаничката војска на чело со Бодин се упатила кон Ниш, а другиот дел на чело „со некој си Петрило, кој бил прв по Бодин", заминал кон Костур, во внатрешноста на Македонија.[163] Водачот на востанието Ѓорѓи Војтех останал да го управува Скопје.[164]

Набрзо по ослободувањето на Скопје бил ослободен и Охрид. Во Виенскиот додаток на Скилицината хроника Михаило Деволски пишува дека „Петрило се насочил против Охрид и го зазел со пристап, зашто градот сè уште не бил утврден, стоел во урнатини уште од времето кога Василиј (II) го разрушил". Во Охрид Петрило „бил примен благонаклоно и откако го подготвил населението да го прогласи за цар неговиот господар и го направил истото и во Девол, со воодушевување заминал кон Касторија (Костур), зашто таму се собрале приврзаниците на Ромеите".[165]

Бегајќи пред налетот на востаниците, во костурските ѕидини нашле засолниште „приврзаниците на Ромеите", охридскиот стратег Мариан, деволскиот стратег, патрициј и антипат Тегност Вурца, а и самиот стратег на Касторија",[166] како и голем број македонски феудалци, провизантиски настроени.[167]

Пред ѕидините на Костур војската на Петрило била катострофално поразена. Притоа голем број востаници биле убиени и заробени. Петрило напуштајќи го боиштето преку непреодните планини успеал да избега во Зета.[168]

По победата кај Костур императорот Михаило VII Дука презел широки акции за задушување на востанието во Македонија. Голема византиска војска, предводена од војсководачот Михаило Саронит, сега се насочила кон Скопје. Ѓорѓи Војтех „кому му бил поверен градот" бил натеран без отпор да го предаде Скопје. Набргу била совладана кај местото Таониј, на Ко-

163. Гръцки извори, VI, стр. 335—336.
164. Ibid., 336.
165. B. Prokić, Die Zusätze . . . . S. 37. № 69.
166. Гръцки извори, VI, стр. 335—336.
167. Ibid., 336. Сп.: Историја на македонскиот народ, I, стр. 166.
168. Ibid., 336.

сово Поле и војската на Бодин. Во оваа битка бил заробен и самиот Бодин, кој заедно со Ѓорѓи Војтех бил испратен во Цариград, Но, по патот Ѓорѓи Војтех умрел од мачењата, а Бодин по кратко задржување бил откупен од неговиот татко.[169]

Во 1073 година востанието на македонскиот народ било насекаде задушено. Тогаш како и во другите ослободени македонски градови и во Охрид била повторно воспоставена византиската власт. Притоа населението од Охридската област било подложено на жестоки репресалии. Продолжителот на Скилица соопштува, дека наемничките војски, составени од Алемани и Франки, по задушувањето на востанието биле испратени за да се одмаздат на населението од востанатите територии. Тогаш тие „ги уништиле во Преспа бугарските (македонските) дворци и го ограбиле местниот храм, издигнат на името на св. Ахил, кога не ги поштедиле никој од светците му. Некои од нив биле повторно спасени, но другите војската си ги поделила и ги приспособила за сопствена употреба".[170]

Преку рушење на дворците на македонските цареви во старата престолнина Преспа, како што го направил уште во почетокот на XI век Василиј II и во Охрид, Византија всушност целела да ги уништи сите спомени и традиции на кои секогаш се потсеќале Македонците. За тоа соопштува во своите писма и Теофилакт Охридски, наведувајќи, меѓу другото, дека уште кога дошол 1081/2[171] година за архиепископ во Охрид согледал дека сите охриѓани копнееле „за нивните честити времиња".[172]

Во 1973 година иако бил натеран „засилениот се словенски народ" да го прими повторно „јаремот на Ромеите"[173], работите во Македонија продолжиле и натаму да се наоѓаат пред „призрак на војна".[174]

Кога во април 1081 година во Византија дошле на власт Комнините во „варварската земја"[175] Македонија (Μακεδονία) византиските позиции биле до толку ослабнати, што дури и во самиот Охрид, седиштето на Охридската архиепископија, се раздвижиле граѓаните пеејќи притоа и „некаква борбена и победоносна песна".[177] Освен во Охрид и во другите градови и

169. Ibid., 336—337.

170. Ibid., 337.; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 290.

171. Опстојно за архиепископската дејност на Теофилакт во Македонија, види: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 11—45 и сл.

172. Theophyl., col. 508, C.

173. Гръцки извори, VII, стр. 116. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 319.

174. Theophyl., col. 376, B.

175. Ibid., col. 517, C.

176. Ibid., col. 496, C. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 295 и сл.

177. Theophyl., col. 308, B; 508, C. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од XI до XII век, 40 и сл.

села на Македонија се раздвижело населението, зашто поради влегување на Византија во војна со Норманите од Италија 1081 година, биле создадени поволни услови за отфрлување на византиското господство. Сега во загрозените византиски владенија на Балканот, словенското население доволно рамнодушно се однесувало кон интересите на Византија, претпочитало од двете зла да го избере помалото.[178]

По истоварувањето на Норманите на албанскиот брег 1081 година, Византија бргу загубила важни воено-стратегиски бази во денешна Албанија. Во февруари 1082 година Норманите го зазеле и Драч. Со тоа им бил отворен патот за продор и во Македонија по стариот пат Via Egnatia. Иако норманскиот водач Роберт Гвискард во есента 1082 година бил принуден да го напушти балканското боиште поради избувнување на нереди во неговите италијански владенија, неговиот син Боемунд со успех ги продолжил завладувањата на Балканот. Без да сретне голем отпор, норманската војска сега продрела длабоко во внатрешноста на Балканот. Во мај 1083 година кај Јанина Боемунд извојувал уште една значајна победа над императорот Алексиј I Комнин.[179] Последниот одвај се спасил, кога преку „Струга (Στρουγῶν) дошол во Охрид". Откако во Охрид останал извесно време за да ги собере големиот број избегани војници, императорот Алексиј I заминал кон реката Вардар.[180]

Пред да го напушти Охрид, императорот Алексиј I Комнин му ја доверил заштитата на тврдината (κάστρον) на Ариев.[181]

Освен на доверената војска на Ариев, императорот секако сметал на заштитата на Охридската тема и на „Турците што живееле околу Охрид", кои во овие краишта биле населени како воени колонисти.[182]

Меѓутоа, само што почнала да продира норманската војска во Македонија, Боемунд „поканет од охриѓаните, бргу дошол во Охрид". Во меѓувреме тој го испратил војсководачот Петар Алиф заедно со Пунтес да ги „опсадуваат" другите македонски градови. Гледајќи сега во лицето на Норманите свои ослободители од византиското господарство, Македонците се ставале на нивна страна и со тоа им го олеснувале освојувањето на нивните градови и села. Затоа и охриѓаните го повикале Боемунд и му ги отвориле вратите на градот. Додека Боемунд престојувал во Охрид, војсководачите Петар Алиф и Пунтес освоиле повеќе македонски области и градови. Ана Комнина сооп-

---

178. П. Безобразов. Боемунд Тарентиский. — ЖМНП, ч. CCXXVI. С. — Петербург 1883, 57.

179. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 320.

180. Гръцки извори, VIII, стр. 46.

181. Ibidem.

182. Ibid., 43 и бел. 3. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 315 и сл.

штува дека Петар Алиф ги освоил тогаш „двата Полога" а Пунтес градот Скопје.[183]

Боемунд Тарентски иако го освоил Охрид не успеал, пишува Ана Комнина, да ја освои и тврдината. Затоа „откако останал за малку време таму (во Охрид), тој, без да може да направи нешто бидејќи Ариев ја заштитувал тврдината, заминал кон Острово".[184]

Во несовладливата охридска тврдина, во која бил распореден гарнизонот на Ариев, нашле засолниште и голем број видни Византијци. Меѓу таквите бил и охридскиот архиепископ Теофилакт.[185]

По напуштањето на градот Охрид, кој веројатно му го доверил да го чува на некој од потчинетите војсководачи, каков што бил случајот со Меглен и др. градови,[186] Боемунд ги продолжил завладувањата во Југозападна Македонија. Притоа, наместо византиското господство, на македонскиот народ од потчинетите градови и села му било наложено уште потешко, норманско ропство. Сега наместо ослободители, Боемунд и неговите војници станале толку омразени кај населението поради извршените пљачкосувања и убиства, што подоцна, кога Боемунд се појавил со својата норманска крстоносна војска повторно во Македонија, населението на Костур, а и од другите градови и села, просто одбивало да им продава храна, зашто се плашело пак да не настрада од Норманите.[187]

Градот Охрид, како и другите завладеани македонски градови од Западна Македонија, под норманска власт останал сè до 1085 година, кога Норманите, по смртта на Роберт Гвискард, целосно се повлекле од Балканот.[188]

По повлекувањето на Норманите насекаде во Македонија повторно била воспоставена византиската власт. Притоа Византијците жестоко им се одмаздиле на сите оние кои се ставиле на страната на Норманите.[189]

Жестоките репресалии кои ги вршеле Византијците врз незаштитениот македонски народ, биле причина веднаш по повлекувањето на Норманите Охридскиот крај да биде опфатен

183. Грчки извори, VIII, стр. 46. Сп.: Т. Томоски, Средновековни градови во Полог, 249 и сл.

184. Грчки извори, VIII, стр. 46.

185. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 321.

186. Грчки извори, VIII, стр. 47.

187. Документи, I, стр. 109. Сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 323 и сл.

188. П. Безобразов, Боемунд Терентский, 67—70; В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, II. София 1934, 176 и сл.

189. Theophyl., col. 332, C; 336, B—C; 427, A—D: сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 323 и сл.

од силно народноослободително движење. Отпорот на македонскиот народ од овој крај против Византија сега бил пак тесно поврзан со зетскиот владетел Константин Бодин, којшто по повлекувањето на Норманите почнал да упаѓа во албански и македонски територии. Тоа пак уште повеќе го раздвижело македонското население од Охридско. Во врска со тоа охридскиот архиепископ Теофилакт, којшто лично ги доживеал настаните, еве што му напишал на својот пријател Јован Пантехни: „Но работите во Охрид се многу страшни. Земјата на Мокра (а Мокра е дел од Охридско) е заградена од робот и отстапникот. А Багора [тоа е голема планина, соседна со бугарските (т.е. македонските) и дирахиските планини] ја завладеал бунтовникот. Со еден збор, сè е лошо. Но се опираме на Бога и на грижите на државниот цар, дека тој гуштер, којшто, стоплан со зраците на царските добрини, дигнал глава, лошо ќе помине и нема каде да се сокрие. Бидејќи сеуважениот севаст и протостратор Господин Михаил е испратен од царот да собира војска и да му се противстави на извергот. И тој собира веќе (војска) и ќе го нападне, и ќе навлезе во неговата земја. И Бог, којшто нè брани ќе дојде и нема да се забави, а робот, кој се разбунтувал..., ќе остане само со своите скриени замисли. И, бидејќи копнее за царство, о земјо и сонце, о понижение на царството, тој нема да се удостои дури и слуга на царот да му биде“.[190]

Вестите од Летописот на поп Дукљанин исто така говорат во прилог на вистинитоста на Теофилактовото соопштение. Имено, во Летописот, меѓу другото, се вели дека Константин Бодин ја одзел „од власта на Франките (Норманите), кои беа во Драч и сета драчка земја, и се здоби со целата драчка земја и самиот град Драч. А потоа, откако склучи мир со царот, му го врати градот“.[191]

Како што гледаме, по повлекувањето на Норманите од Балканот, Србите биле тие кои ги вознемирувале византиските погранични владенија. Затоа „робот и отстапникот“, кој ја ограбил областа Мокра, а ја завладеал Багора, не бил никој друг туку Бодин.[192] Тој имено ги направил „работите во Охрид... многу страшни“, т.е. го раздвижил населението против Византија, бидејќи им бил добро познат и на охриѓани од времето на востанието на Ѓорѓи Војтех, кога и тие заедно со другите Македонци од ослободените градови го признале за „свој цар“.

---

190. Theophyl., col. 484, C—D—485, A; сп.: Документи, I, стр. 108—109; B. Panov. Ослободительное движение в Западной Македонии в конце XI века, отраженое в писмах Феофилакта Охридского. — XVI. Internationaler Byzantiniltenkongres, Akten II/2, Jahrbuch der Österreichishen Byzantinistik 32/2 Sonderdruck, 197 и сл.

191. Ljetopis popa Dukljanina, izd. Vl. Mošin. Zagreb 1950, 97.

192. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 333; истиот, Освободительное движение в Западной Македонии, 201.

Против Бодин бил испратен да војува и прославениот војсководач Јован Дука кому еднаш дури му успеало да го зароби Бодин, но потоа тој пак бил ослободен.[193] Исто така во почетокот на 90-те години на XI век и самиот император Алексиј I Комнин лично преземал неколку походи против упаѓањето на Србите во византиските владенија во Македонија.[194]

Со смирувањето на зетскиот владетел Бодин и рашкиот владетел Вукан, Византија одново ги затврдила своите позиции во Охридскиот крај. На овој начин таа не дозволила овојпат ослободителното движење да прерасне во масовно востание, какви што биле востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех.

Но само што бил повлечен војсководачот Јован Дука од Охридско, во градот Охрид „сите" се збркале.[195] Имено, само што биле смирени Србите, балканските владенија на Византија биле загрозени од крстоносците — учесници во Првиот крстоносен поход. Голем дел од нив движејќи се по стариот пат Via Egnatia во текот на 1096/97 година опустошиле и опљачкале многу македонски градови и села. Притоа не останал незасегнат и градот Охрид. Теофилакт Охридски, кој тогаш се наоѓал во градот еве што му напишал на Китарскиот епископ:

„Долго време се замолчавме еден кон друг, пресвети брате и владико! Причината за твоето молчење ти само можеш да ја знаеш и нам ќе ни ја јавиш. Но моите усни ги склучило, прво, преминувањето на Френките (Норманите-крстоносци), или навлегувањето, или што друго да кажам не знам. Тоа беше нè опфатило и привлекло сите така, што дури и сами себеси не се чувствувавме. Толку се бевме опиле од горчливата негова чаша и чудно се бевме заборавиле, или подобро да кажам... се збркавме, се занишавме како пијаниот, и сета наша мудрост пропадна. Затоа ти онемев, се смирив и се замолчав од добри и пријатни разговори... Тоа беше првата пречка на мојот јазик, и друго, што не можев да најдам искрени носачи на писмата... Но, бидејќи се свикнавме веќе со пакостите на Френките и ги носиме лошотиите полесно, отколку порано (бидејќи времето е добар учител на сè), та напати сме господари на себеси и добивме добар носач на писмото... нема да ги залепам своите усни...".[196]

Дека Боемундовите крстоносци пљачкосувале и убивале во Охридско и во соседните краишта, соопштуваат и повеќе латински писатели, некои од нив директни учесници во похо-

---

193. Грьцки извори, VIII, стр. 73; сп.: F. Chalandon, Essai sur le règne d'Alexis Ier Comnène. Paris 1900, 141.

194. Г. Острогорски, Историја Византије. Београд 1969, 340.

195. Theophyl., col. 522, C.

196. Ibid., col. 324, C—325, B; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 339 и сл.

дот.[197] Така, на пример, Петар Тудебот опишувајќи го преминот на Боемундовите крстоносци низ Македонија, меѓу другото пишува:" ... најпосле (крстоносците) пристигнале во Касторија (Костур), каде што свечено го отпразнувале Рождество Христово. Откако тргнале од Касторија, навлегле во Пелагонија, каде што се наоѓала некаква утврдена населба на еретици. А ние ја нападнавме од сите страни во некакво езеро, каде што беше изградена. Таа брзо падна под наша власт. Откако запалија оган, ја изгореа населбата заедно со жителите ѝ, што значи целата еротичка општина".[198]

Во последно време местоположбата на оваа „еретичка општина" С. Антолјак со доста аргументи ја лоцира на бреговите на Преспанското Езеро, односно на местото на с. Асамати.[199]

Во самиот почеток на XII век Боемунд Тарентски се вратил во Италија и откако собрал нова војска одново се истоварил на Балканот и ги загрозил владенијата на Византија. За да им се спротивстави на Норманите, императорот Алексиј I Комнин почнал да собира војници од одделните македонски области. Охридската област сега била доста оголена од прекумерното одведување на населението во византиската пешадија. Бидејќи наборот ги засегнал и интересите на Охридската црква, зашто постоела опасност нејзините имоти да останат без потребната работна сила, архиепископот Теофилакт заедно со другите засегнати лица, остро реагирал и се зазел да се прекрати натамошното одведување на населението од „малата" и „бедна" Охридска област во војска. Известувајќи го за сето тоа својот адресант Јован Комнин, меѓу другото му напишал: „Собраните оттука (Охридската тема) за пешадијата како нема да го направат особено јасно намалувањето на целата област? И оние што останаа тука како нема да ја намразат саканата татковинска земја како непријателска и упропастувачка... и како нема да ја посакаат прегратката на туѓата?"[200]

---

197. Вид.: S. Antoljak, Makedonski heretici u zapadnim izvorima 11. i 12. stoljeća. — Во кн.: Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања, Скопје 1982, 55—65; Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија за време на Комнините. — Во кн.: Богомилството на Балканот..., 81—82.

198. Petri Tudebodi seu Tudebovis, sacerdotis Sivarecensis, Historia de Hierosolymitano intenere. Recueil des historiens des croissades. Historiens accideuntaux, III. Paris 1886, 16; сп.: Документи I, стр. 109—110; S. Antoljak, Makedonski heretici..., 56 и сл.

199. С. Антолјак, Преспански Асамати — „утврден град на еретиците" кај езерото во Пелагонија од Првата крстоносна војна (1096). — Гласник на ИНИ, XVIII/1 (1974), 109—117; истиот, Makedonski heretici..., 58 и сл.

200. Theophyl., col. 532, D—533, A; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 344 и сл.

По извршените подготовки, императорот Алексиј I Комнин во загрозените балкански подрачја „поставил во сите клисури големи воени единици со одбрани војсководачи", со што ја „преградил секоја патека" низ која требало да поминат норманските војски. Градот Охрид откај Дебар бил бранет „со голема војска" од страна на војсководачот Лав Никерит, а клисурите околу Елбасан ги заштитувал Евстатија Камица. Главиница пак ја заштитувал војсководачот Алијат.[201]

Боемунд Тарентски откако во есента 1107 година се истоварил со 34.000 војници кај Авлона, веднаш се упатил кон Драч. Иако на трипати се обидел да го освои важен военостратегиски град овојпат не успеал во тоа. Сепак Норманите успеале да освојат повеќе места околу Драч. Тогаш под нивна власт паднал и Дебар.[202]

Во 1108 година Боемунд морал да ги прекине натамошните акции откако бил опкружен од големи византиски војски. Откако истата година бил склучен т.н. Деволски договор за мир, Боемунд ја прекинал војната и се вратил во Италија.[203]

По отстранувањето на норманската опасност од Балканот, императорот Алексиј I Комнин се зафатил да го ликвидира опасното богомилско движење, коешто во Македонија, а особено во Охридскиот крај, сега зело широки размери.

Особено биле засилени акциите на богомилите во градот Охрид и околината, кога во Охридскиот крај по повлекувањето на Норманите 1085 година се засилило народноослободителното движење против византиското господарство. Во ова ослободително движење на населението од овој крај богомилите зеле активно учество. Тоа пак значи, дека богомилите се претвориле во активни борци кои се бореле не само за отфрлање на наложената тешка феудална експлоатација од страна на световните и црковните феудални господари, туку и за отфрлање на византиското господство.[204]

Дека во Охридско од крајот на XI век станале многу активни богомилите, соопштува и современикот Теофилакт Охридски. Во своите писма Теофилакт особено многу ја нагласил борбата што ја водел со црковниот парик Лазар, кој надахнат со

201. Грцки извори, VIII, стр. 126—127.

202. Вид.: Я. Н. Любарский, М. М. Фрейденберг, Девольский договор 1108 г. между Алексеем Комнином и Боемундом. — Византийский временик, XXI (1962), 260—275.

203. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 426; сп. и Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија.., 82 и сл.

204. Ф. Успенский, Образование Втораго Болгарского царства. Одесса 1879, стр. 32, бел. 3; 34, бел. 2; 220. F. Rački, Borba Južnih Slavena za državnu neodvisnost. Bogomili i patareni, II izd. Beograd 1931, 363; Д. Ангелов, Богомилството в България. София 1969, 360 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 415 и сл.; Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија..., 84.

„слободољубиви мисли" копнеел да се откубе од „јаремот на парикијата", потпирајќи се и на големиот број еретици-богомили:" И така, тој Лазар-се жали Теофилакт во едно од своите писма-кога виде еднаш, дека измислиците му успеваат, а делото на вистината останува на суво, не престанува да ја употребува својата природа против нас, зашто бугарската (македонската) природа храни секакви лошотии. Тој, иако му стигаше да земе како соөјувачи во борбата против нас само охриѓани, обиколува и други области во Бугарија (Македонија) и бара особено грижливо, има ли некој осуден од нас за ерес, многуженство или за недозволен брак и заради што е подлежен на црковна казна. И кога нашол мнозина такви, ги крева против нас, како да се охриѓани на кои сме им ги заграбиле нивите и лозјата и сме ги мачеле душевно".[205]

За широкиот замав што го зело богомилството во Македонија во овој период соопштуваат и латинските писатели, учесници во Првиот крстоносен поход. Скоро сите тие известуваат дека 1096 година крстоносците поминувајќи низ Пелагониско уништиле цела една „еретичка општина" (haeriticorum congregatione), изградена кај езеро, а што одговара на Преспанското Езеро.[206]

Водач на богомилите во овој период бил попот Василиј. Тој, според современичката Ана Комнина, бил „човек многу лов'к во ширењето на богомилското нечастие, имал дванаесет ученици, кои ги нарекувал опостоли, а бил придружуван и од неколку ученички, жени лошокарактерни и развратни".[207] На чело на „измамната ерес" Василиј стоел во продолжение на 52 години, за кое време „безброј свои ученици втурнал во пропаста на гибелта".[208]

Дејноста на „демонот" Василиј се одвивала и во Охридскиот крај. Со него архиепископот Теофилакт водел жестока борба. Со секакви средства се служел да го натера „проклетникот" да се покае, но во тоа не успеал. Притоа тој освен преку писма и лично се состанал со него. Но и покрај акциите на архиепископот Теофилакт, попот Василиј продолжил да ја сее заразната болест". Поради тоа, Теофилакт побарал помош и од органите на световната власт за да го протерат тие од Охрид-

---

205. Theophyl., col. 444, C—445, A.; сп. Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија . . . , стр. 72—73 и бел. 40.

206. Petri Tudebodi, 16; сп.: Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија . . . , стр. 81—82 и бел. 89; S. Antoljak, Makedonski heretici . . . , 59 и сл.

207. Гръцки извори, VIII, стр. 141.

208. Гръцки извори за българската история, VII. София 1968, 205; сп.: D. Obolensky, The Bogomils, a study in Balkan neo-manichaism. Cambridge 1948, p. 200; Д. Ангелов, Богомилството . . . , стр. 392 и бел. 76; Б. Панов, Кон некои прашања за богомилството во Македонија, 86—87.

ско „демонот", бидејќи ширел „заразна и општа болест". Исто така и самиот архиепископ сега почнал да се заканува, дека ако нему му успее да го фати, тогаш тој ќе загине во кулата, како општествено и државно зло" (τῷ πύργῳ ἀποθανεῖται ὡς κακὸν κοινὸν καὶ δημόσιον)[209].

По завршувањето на војната со Норманите 1108 година, императорот Алексиј I Комнин презел широки акции против активноста на богомилите, зашто, вели ќерка му Ана, „злото како со огин ги уништило многу души". Не можејќи „душата на императорот" да го поднесува сето тоа, почнал да ја прогонува богомилската ерес.[210] Издаден на самото место, Василиј бил фатен во „престолниот град" (Цариград). Откако бил осуден на смрт со голем број свои следбеници тој бил изгорен на кладата на хиподромот во Цариград 1111 година.[211]

И покрај преземените широки акции, богомилството во Охридско, а и во другите соседни македонски краишта, продолжило да се шири, опфаќајќи го и градското и селското население.[212] Како резултат на тоа во текот на XII век на територијата на Македонија се појавиле повеќе богомилски општини.[213]

Градот Охрид кој и по задушувањето на востанието на Ѓорѓи Војтех 1073 година останал неутврден,[214] кон самиот крај на XI век поради опасноста од Норманите и другите завојувачи, бил одново опкружен од одбранбени ѕидини. Тоа најверојатно било извршено по наредба на императорот Алексиј I Комнин, кога наредил да бидат обезбедени и сите пристапи кои воделе од Драч кон Охрид за Солун.[215]

Како изгледал и како се одвивал животот во Охрид кон крајот на XI и во текот на XII век, најбогати податоци се наоѓаат во писмата на Теофилакт Охридски. Имено, од нив се дознава дека Охрид тогаш се развил во голем град (πόλις)[216]. Внатре во неговите ѕидини биле изградени голем број улици,[217] испре-

---

209. Theophyl., col. 513, D—516, D; Документи, I, стр. 110—111. Сп.: Б. Панов, Богомилското движење во Македонија одразено во писмата на Теофилакт Охридски. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 2(28). Скопје 1976, 179—190; истиот, Кон некои прашања за богомилството во Македонија, 75 и сл.

210. Гръцки извори, VIII, стр. 141.

211. Гръцки извори, VII, 205; Том VIII, 142—148.

212. Б. Панов, Кон некои прашања за богомиството во Македонија, 82 и сл.

213. S. Antoljak, Makedonski heretici..., 62 и сл.

214. B. Prokić, Die Zusätze..., S. 37, № 69.

215. Гръцки извори, VIII, стр. 46.

216. Theophyl., col. 337, A; 504, C.

217. Ив. Снегаров, Град Охрид. София, 12 и сл.; Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура, 72 и сл.

плетени со повеќе квартови (мали)[218]. Во Охрид тогаш биле изградени голем број[219] многукатни згради (πολυόροφα) и добро проветрувани куќи (ῥιπιστοὺς οἴκους) [220] како и голем број ниски и древни куќички.[221] Покрај тоа, градот Охрид имал и свој акропол-тврдина (κάστρον).[222] Овој кастрон доминирал над градската населба.[223] Ѕидиштата на утврдениот град биле зајакнати и обезбедени со повеќе кули (πύργοι).[224]

Општо земено, градот Охрид во овој период се оформил така, што се состоел всушност од два територијалноспоени дела: тврдина (κάστρον) опкружена со ѕидови и зајакната со кули )πύργοι), и подрагдие, опкружено исто така со јаки ѕидови и кули. Тоа е видливо и од поновите проучувања на средновековната архитектура во Охрид.[225] Всушност, како и другите поголеми балкански градови, и Охрид во овој период се состоел од внатрешен град (тврдина-акропол) и надворешен град (подградие).[226]

---

218. Theophyl., col. 445, B.

219. Б. Недков. България и съседните й земи през XII век според Идриси, 37.

220. Theophyl., col. 445, C—D.

221. Тоа биле куќите на обичните граѓани кои најчесто изгледале како колиби направени од исплетени прачки, измачкани со глина, поставени притоа на мала основа од камен (Сп.: С. Лишев, Българския средновековен град, 26). Во таква куќичка изгледа живеел парикот Лазар, која била изгорена по наредба на охридскиот архиепископ Теофилакт (Theophyl., col. 445, B.).

222. Theophyl., col. 337, C: сп.: А. Дероко, Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији, 18; А. П. Каждан, Город и деревня в Византии в XI—XII вв. — XIIe Congès international des Études Byzantines, Rapports, I. Belgrade—Ohride 1961, 36—37; Л. В. Горина, Некоторые вопросы терминологии средновекового болгарского города, 581 и сл.; Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век..., 183.

223. Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид, 74 и сл.

224. Theophyl., col. 516, B. И денес врз остатоците на ѕидиштата се видливи околу 18 такви кули (Сп.: Ив. Снегаров, Град Охрид. София, стр. 42; А. Дероко, Средњевековни градови..., 195). Инаку, од современите турски извори се утврдува дека Охридската тврдина продолжила да егзистира и по паѓањето на Македонија под турска власт (Сп.: А. Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век. Скопје 1981, 76).

225. А. Дероко, Средњевековни градови..., 18, 195; Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид, 74 и сл.

226. Сп.: С. Лишев, Българският средновековен град, 15—22; Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век..., 184; Л. В. Горина. Некоторые вопросы терминологии средновекового болгарского города, 582 и сл. Бошковиќ и Томовски ја нарекле Охридската тврдина „потесниот—горниот град" (Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид. 74). Инаку, дека акрополот обично ја означувал внатрешната тврдина во градот се изјасниле и други научници. (Вид.: Г. Г. Литаврин. Советы и рассказы Кекавмена. Москва 1972. стр. 249, 507. бел. 895 и наведената таму литература). За разлика од Охрид и други градови чиишто надворешни градови (подградија) биле опкружени со ѕидини, постоеле и такви (на пр.: Серез, Штип и др.) кои не биле ут-

Од писмата на Теофилакт Охридски се дознава дека градот Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век имал и голем број жители и дека повеќето охриѓани биле од македонско потекло.[227] Во Охрид тогаш живееле и мноштво „црковни и мирски првенци" (ἀρχόντων ἐκκλησιαστικῶν τε καὶ λαϊκῶν), [228] како и многубројна градска сиромаштија, која во повеќето случаи ги сочинувала одделните категории феудално-зависни луѓе: парициге, клириците, робовите, занаетчиите и др.[229] Овие зависни луѓе вршеле земјоделска, занаетчиска или слугинска работа за своите феудални господари (световни и црковни). Инаку, во повеќето случаи таквите луѓе живееле во дрвени куќички, кои често биле запалувани од нивните господари доколку им се спротивставувале.[230]

За разлика, пак, од обичните луѓе на Охрид, спомнатите од Теофилакт „црковни и мирски првенци" живееле во поцентралните делови на градот, во раскошно опремени куќи.[231] Значителен дел од „мирските" првенци на Охрид ја претставувале домашната, македонска феудална аристократија, која, освен во своите феудални замоци во околината на Охрид, живеела и во градот.[232] Таквите феудалци Теофилакт Охридски ги нарекол „кастрини" (καστρῆνοι), т.е. „простаци-Мокренци"(ἀγροίκους Μοκρηνούς)[233] За време на надворешна опасност, првенците на Охрид се засолнувале во тврдината, т.е. во акрополот каде што бил распореден голем византиски гарнизон.[234] Притоа, како што било случај и со другите византиски провинциски градови,[235] тие

---

врдени, бидејќи поради нивниот брз растеж се оддалечиле од внатрешниот град (акрополот). Вид.: С. Лишев, Българският средновековен град, 17 и сл.)

227. Вид.: Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век. стр. 184 и бел. 24.

228. Theophyl., col. 337. D—340, A.

229. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 111 и сл.

230. Theophyl., col. 445, B.

231. Ibid., col. 445, C—D.

232. Вид.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 129 и сл.; М. Я. Сюзюмов. Деревня и город в Византии IX—X вв. — XIIe Congrès international des Etudes Byzantines, Rapports. I. Belgrade—Ochride 1961. 29; С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 22 и бел. 69; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 100 и сл.; истиот, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век, 185.

233. Teophyl., 337. C.

234. Гръцки извори, VIII, стр. 46. И во првите векови од владеењето на Турците — Османлии во охридската тврдина била сместена голема посада; инаку, за одржувањето на тврдината било одговорно целото градско население (А. Стојановски, Градовите на Македонија..., 76, 107—108 и сл.).

235. А. П. Каждан, Город и деревня в Византии в XI—XII вв., стр. 37 и сл.

се обезбедувале со резервна храна, потребна за нив и за нивните семејства.[236]

Во охридската тврдина, во случај на опасност, се засолнувале и црковните „првенци“,[237] кои инаку живееле во раскошни куќи во подградието, т.е. во надворешниот град. Самиот архиепископ Теофилакт бил обвинуван од страна на охриѓани дека бил „голем богаташ“ со многу „натрупани таланти“, дека „водел сатрапски живот“ и дека „домовите на Мидјаните и царските дворци во Суза и Екбатана биле ништожни и вистински колиби“ во споредба со неговите „многукатни згради и добро проветрувани куќи“.[238] Сите овие црковни згради биле сврзани со повеќе улици.[239] Во нив архиепископот Теофилакт и другите црковни великодостојници биле опслужени од голем број феудално-зависни луѓе, кои користеле секакви можности да се оттргнат од „тиранијата на архиепископот“, т.е. од „јаремот на парикијата“ што им ја наложила црквата.[240]

Во утврдениот град Охрид, покрај голем број други цркви, се наоѓала и катедралната црква „Св. Софија“.[241] Во неа архиепископот Теофилакт вршел богослужба, во присуство на црковни и световни првенци, како и на обичните граѓани, кои што му ја слушале песната (проповедта) „како магариињата лирата“[242] зашто биле „вратови без глави“ и ништо не разбирале.[243] Инаку, грчката богослужба во „Св. Софија“ се вршела во придружба на црковен хор, чиишто диригент бил донесен однадвор. Него

236. Доста резервна храна имало сместено во охридската тврдина секако и 1083 година, кога за време на норманската опсада таа останала неосвоена, иако Боемунд Тарентски „поканет од охриѓани бргу дошол во Охрид“. Ана Комнина соопштува дека тој откако „останал малку време таму... отишол во Острово, бидејќи Ариев ја заштитувал тврдината (κάστρον)“, поради што тој ништо не можел да направи (Гръцки извори, VIII, стр. 46).

237. Во тврдината—акропол 1083, 1096 и 1097 година се засолнил и архиепископот Теофилакт кога и „снемел“ поради отсуството на писма од неговите пријатели и потчинетите епископи (Theophyl., col. 324, C—D—325, A—B; сп.: Ф. Успенский, Образование Втораго Болгарскаго царства, 11 (Приложения); Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 321, 339—340 и бел. 421).

238. Theophöl., col. 445, C—D.

239. Ив. Снегаров, Град Охрид, София, 12 и сл.; Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид, 72 и сл. Слично изгледал Охрид и во време на турското владеење (Сп.: А. Стојановски, Градовите на Македонија..., 129).

240. Theophyl., col. 444, C; 457, A.

241. Dj. Bošković—K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид, 76 и сл.; В. Н. Лазарев, Живопись XI—XII веков в Мкедонии, 114 и сл.; Д. Коцо, Црквта св. Софија во Охрид, 341 и сл.

242. Theophyl., col. 324, A; 337, D—340, A.

243. Ibid., col. 508, B.

го издржувале самите охриѓани. Од секој слушател тој добивал „половина трговска медимна просо или црно жито" (ὁ δὲ ἔσται μελίγγης (μελίνης) ἢ μελαμπύρου ἐμπορικὸν ἡμιμέδιμνον)[244].

Градот Охрид во разгледуганиот период располагал и со богата црковна библиотека. Освен со црковни книги, библиотеката располагала и со голем број медицински и други книги, снабдувани дури од Цариград.[245] Со тоа било овозможено во Охрид да се создадат поволни услови за писателска дејност.[246] Сѐ ова, пак, говори дека од крајот на XI век почнал да се одвива таков интензивен културен развиток кој се одразил во архитектурата и живописот.[247] Како резултат на тоа до срдеината на XII век Охрид се развил во „прекрасен (град), со многубројни згради и широка трговија".[248]

Колку брз подем во својот развиток Охрид имал во крајот на XI и во почетокот на XII век — се гледа и од искажувањата на архиепископот Теофилакт. Имено, кога тој дошол за архиепископ во Охрид, во почетокот на 80-те години на XI век, посакал веднаш да ја напушти „варварската" средина и да се врати во Цариград, зашто сите охриѓани му смрделе на кожи и не го почитувале „ниту Бога, ниту човека".[249] Меѓутоа, подоцна Теофилакт сосема поинаку почнал да се искажува за охридската средина, зашто градот почнал брзо да се развива во секој поглед под влијание на Венеција и другите италијански градови. Таквиот подем почнал да се чувствува особено од 1082 година, кога за Венецијанците биле пошироко отворени и вра-

244. Ibid., col. 496, C—D—497, A; и бел. 9; сп. М. Симеон, Писмата на Теофилакта Охридски, архиепископ български. — Сборник на БАН, кн. XXVIII. София 1931, 174—175; В. Николаев, Феодални отношения в покорената от Византия България отразени в писмата на Теофилакт Охридски, архиепископ български. София 1951, стр. 129—130 и бел. 1, каде е дадена исправка на преводот од Симеон; Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од XI до XII век, 41; С. Антолјак. За пченката во нашите краишта се знаело уште пред откривањето на Америка. — Гласник на ИНИ, XX/2 (1976) 153 и сл.

245. Theophyl., col. 476, B—C. Од Охрид Теофилакт испраќал разни книги до своите пријатели (Ibid., col. 544, A).

246. И самиот архиепископ Теофилакт во Охрид пишувал „елегични песни" (Theophyl., col. 398, D). Исто така тој во Охрид имал услови да постане и „нешто во науката" (Ibid., col. 402. A—B). Во Охрид тој ги напишал и двете житија: за Климент Охридски и Тивериополските маченици, како и други дела. Вид.: Д. Цухлев, История на българската църква, I. София 1910, 889—901; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, 268—274; Ал. Милев, Житие на Климент Охридски. София 1955, 16 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 19 и сл.

247. Сп.: В. Н. Лазарев, Живопись XI—XII веков в Македонии, 111—134.

248. Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, стр. 37, 112, бел. 41.

249. Theophyl., col. 308, A—B—C; 508, B—C—D—509, A—B.

тите на македонските градски пазари.[250] За време, пак, на преминот на крстоносците низ Македонија во 1096 и 1097 година за охридскиот градски пазар се заинтересирале и другите италијански градови.[251] Како резултат на тоа во градот Охрид почнала да се одвива жива трговска размена.[252] Тоа, пак, влијаело да се менуваат животните навики на охриѓани. Градската аристократија сега почнала да носи „попристојна и почиста облека" (ἱμάτια ἐλευθεριώτερα καὶ καθαριώτερα).[253] Така свечено облечени, охридските „првенци" го придружувале архиепископот Теофилакт кога одел в црква.[254] Покрај тоа, побогатите охриѓани, како и архиепископот и неговите помошници, почнале да јадат „хигиенско" подготвена храна, пришто специјалитет било да се јадат „риби во леб испечени" (ἰχθύες ἀρτιδίοις ἐνωπτήμενοι) и да се пие многу тамошното тенко вино (ὀλιγοφόρου οἴνου καὶ λεπτοτάτου).[255] За ваквиот раскошен живот во Охрид, архиепископот Теофилакт многу тажел дури и кога се наоѓал во вториот византиски град-Солун.[256]

Во овој период економскиот подем на Охрид бил обусловен и од неговата богата околина. Градот лежел крај самото езеро, кое Теофилакт Охридски го нарекол „езеро Ахерусија мојот Лихнид".[257] Покрај езерото охриѓани имале направени рибници, кои тие ги викале „струги" (στρούγαις) а Грците „вади" (διώρυχας) со што си го олеснувале риболовот.[257a] Дека во XII век риболовот бил доста развиена стопанска гранка во Охридскиот крај, соопштува и географот Идриси. Според него, во Охридското „големо езеро" риба се ловело и „со лотки".[258]

Ретките и прочуени охридски риби, освен охриѓаните, ги консумирале и жителите од подалечните македонски градови, а се испраќале дури и надвор од Македонија. Притоа, тие биле испраќани како „солени риби" — пресносолки или пак „риби во леб испечени", како охридски специјалитет.[259]

250. Сп.: И Сакъзов, Търговията в Македония през VII—XIV векове. — Македония, I/IV. София 1922, 19; С. Лишев, Българският средновековен град, 54 и сл.

251. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 161 и сл.

252. Theophyl., col. 312, D; Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, 37.

253. Theophyl., col. 456, C.

254. Ibid., col. 337, D—340, A.

255. Ibid., 380, C; 477, A.

256. Ibid., 477, A; сп.: В. Николаев, Феодални отношения..., 152.

257. Theophyl., col. 497, A; сп.: Византијски извори за историју народа Југославије, III, стр. 289, бел. 174.

257a. Theophyl., col. 448, C.

258. Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, 37.

259. Theophyl., col., 380, C; 517, D—520—A; сп.: В. Николаев, Феодални отношения..., 156.

Патот на оплодувањето на ретката и насекаде позната како многу слатка охридска риба,[260] бил сличен и денешниот. Ана Комнина во својата „Алексиада“, меѓудругото соопштува дека „реката Дрин... тече одгоре, од езерото Лихнида, по сто корита, коишто ние ги нарекуваме гефири (т.е. мостови)... Од езерото како од различни извори истекуваат реки, кои достигнуваат на број околу 100. Тие не пресушуваат, туку се вливаат во Дрин при Девре (Дебар), по што се нарекува Дрим, и откако се слеваат со неа, ја прават многу широка и многу голема. Дрим минува покрај крајните далматински земји, оди на север, а потоа се извива на југ, минува во подножјето на крепоста Елиос и се влива во Адриатичкиот (Јадранскиот) Залив.“[261]

Во време на мрестењето секако по овој воден пат одела и се враќала охридската риба — јагулата.[262]

Развитокот на стопанството во Охридскиот крај било обусловено и од поволните климатски услови и плодноста на земјиштето. Во самата близина на градот Охрид имало мноштво ниви и лозја (ἀρούραις καὶ ἀμπελῶνι).[263] Во непосредна близина на градот, исто така, се наоѓале и богати селски населби од кои некои и' припаѓале на Охридската црква.[264] Околу Охрид се наоѓале и феудалните стопанства на охридските феудалци — „кастрините“ (καστρήνοι), кои во голема мера своите производи ги продавале на охридскиот градски пазар.[265]

Покрај ниви, засеани со житни култури: пченица, просо, овес, јачмен, пченка (μελίγγης)[266], а и лозови површини, од чиешто грозје се добивало прочуеното охридско „тенко вино“;[267] околу Охрид се наоѓале и богати овошни градини; дури тогашните климатски услови допуштале да се одгледува и маслин-

260. Theophyl., col. 380, C.

261. Грьцки извори, VIII, стр. 121 и бел. 2, 122 и бел. 1, 2.

262. В. Кънчев, Избрани произведения, т. И. София 1970, 466 и сл.

263. Theophyl., col. 445, A.

264. Ibid., col. 424, A; сп.: Г. Цанкова-Петкова, Феодалното землевладение в южните и югозападните български земи под византийско владичество. — Известия на Института за история, 8. София 1960, стр. 295, бел. 1; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 80; Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија..., 237.

265. Вид.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 129 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 100—103, 158—163.

266. Theophyl., col. 496, C—D—497, A и бел. 9; сп.: В. Николаев, Феодални отношения..., стр. 129—130 и бел. 1; С. Антолјак, За пченката во нашите краишта..., 153 и сл.

267. Вид.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 11 и сл.; Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в Средновековна България, 21 и сл; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 151 и сл.

ката.[268] Исто така Охридскиот крај располагал и со богати бавчи засеани со градинарски производи: лук и сл.[269]

Богатите полски и планински пасишта овозможиле во Охридскиот крај да се развие и сточарството. Теофилакт Охридски соопштува дека тогаш и на неговите црковни владенија зависните луѓе одгледувале голем број „крупен и ситен добиток".[270] Затоа тој бил обвинуван од своите парици дека е „богат и силен"; дека патиштата му биле „натрупани со сирење", а планините „залеани со млеко".[271] Голем дел од своите вишоци тој ги продавал на охридскиот градски пазар, каде што го сметале за „благат".[272] Млечните производи секако најмногу се правеле од овчото млеко, бидејќи тоа го овозможувале богатите планински пасишта, со кои изобилува Охридскиот крај. Такви планински пасишта отстапил и архиепископот Теофилакт во замена за едно село до Охрид.[273] Дека тогаш овците се одгледувале во голем број во Охридско, се гледа и од искажувањето на Теофилакт Охридски во врска со облеклото на охриѓани. Имено, само што дошол во Охрид за архиепископ, Теофилакт се изјаснил дека охриѓаните се „варвари" кои смрделе на кожи.[274] Секако Теофилакт така се изјаснил поради кожувите кои тие ги имале направено од овчите кожи.[275] Што се однесува пак до крупниот добиток, во Охридско најмногу тогаш се одгледувале говедата, кои, главно, се користеле како работна сила за орање на нивите.[276] Исто така изворите говорат дека во големи количества се одгледувале и коњи, магариња и мулиња.[277] Инаку, коњите освен како работна сила се користеле и како превозни средства,[278] а и за лов и војна.[279]

Во разгледуваниот период во Охрид и Охридско се одгледувала и живина: гуски и други птици.[280]

---

268. Theophyl., col. 532, D; сп.: А. П. Каждан, Аграрные отношения в Византии XIII—XIV вв. Москва 1952, 46; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 12.

269. Theophyl., col. 500, B.

270. Ibid., col. 449, A—B.

271. Ibid., col. 445, C: τὰς ὁδοὺς τυρῷ, τὰ δὲ ὄρημου χέεσθαι γάλατι

272. Ibid., col. 312, D: Μακάριος μὲν ἐν ἀγορᾷ νομίζομαι,

273. Ibid., col. 424, A; сп.: Г. Цанкова-Петкова, Феодалното землевладение..., стр. 295, бел. 1.

274. Theophyl., col. 504, C; 508, A.

275. Во 1326 година „луѓе облечени во црни облеки од волна и руно" видел во близина на Струмица и Никифор Грегора (Документи, I, стр. 125).

276. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 154; сп. и Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в Средновековна България, 21.

277. Theophyl., col. 316, C.

278. Ibid., col. 485, A.

279. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 154—155.

280. Theophyl., col. 372, B; 517, D—520, A.

Земјоделско-сточарските производи, кои биле пласирани на охридскиот и на другите пазари во Македонија, во големи количества ги купувале трговците од одделните италијански градови. Притоа, тие посебно се интересирале за: сурови кожи, добиток, волна, млечни производи, восок, мед, лен и други разни земјоделски производи.[281] Тие во голема мера овие земјоделско-сточарски производи ги добивале во размена за разни златни и сребрени изработки, како и за штофови, платна и готови изработки: фустани и сл.[282] Парите, пак, што се добивале од продадените производи во повеќето случаи феудалците не ги пуштале во оптек, туку ги чувале во невидливи каси,[283] т.е. во земјени садови".[284] На овој начин голем број луѓе натрупале „илјадници таланти"[285] Меѓу таквите богати луѓе особено предначел архиепископот Теофилакт, кој се забавувал мерејќи ги секој ден со ведра своите златни монети (μεδίμνοις ἐκμετρετσφαι τοὺς χρυσινοὺς)[286].

Освен земојоделско-сточарски производи, на охридскиот пазар биле пласирани исто така и домашни занаетчиски производи, кои во голема мера се произведувале во самиот град од страна на слободните и зависните занаетчии. Инаку, слободните занаетчии истовремено се занимавале и со земјоделска работа, појавувајќи се притоа на охридскиот пазар како продавачи на своите заанетчиски и земјоделски производи.[287] На пазарот, исто така, биле изнесувани и занаетчиски производи, изработени од феудално-зависните занаетчии во рамките на феудалните стопанства.[288] Сето ова, пак, од своја страна овозможило градот Охрид да се развие и да стане важно средиште на внатрешна и надворешна трговија.[289]

Оживувањето на градскиот живот во Охрид од крајот на XI век, како што било случај и со другите поголеми византиски провинциски градови,[290] не можело да не се одрази и врз

281. И. Сакъзов, Трговията в Македония, 19; С. Лишев, За стоковото производство във феодална България. София 1957, 74 и сл.

282. Ibidem.; сп.: С. Лишев, Българският средновековен град, 54 и сл.

283. Theophyl., col. 400.

284. Ibid., col. 388, C; сп.: С. Лишев, Българският средновековен град, 50.

285. Ibid., col. 372, A—B.

286. Ibid., col. 500, A.

287. Вид.: В. Николаев, Феодални отношения..., 89 и сл.; сп. и С. Лишев, За стоковото производство във феодална България, 78 и сл.

288. Сп.: С. Лишев, Българският средновековен град, 50; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 159.

289. Б. Панов, Теофилакт Охридски, 158 и сл.

290. А. П. Каждан, Город и деревня в Византии в XI—XII вв., 33 и сл.

животот на околните села, зашто на еден или друг начин тие биле зависни од трговците и феудалците од градот. На пример, крупниот црковен феудалец Теофилакт имал село до Охрид, кое го добил во размена за планински поседи, за да ја користи работата на селаните.[291] Освен тоа, тој располагал и со зависни занаетчии и робови, кои работеле на неговото феудално стопанство.[292] Сето ова, пак, во извесна мера говори дека во ова време бил забрзан и процесот на одделувањето на занаетчиството од селското стопанство, како што било случај и во другите поголеми византиски провинциски градови.[293]

Брзиот растеж на крупниот феудален земјопосед во Охридско од крајот на XI век, довел до тоа голем број крупни феудалци да зафатат силни позиции и во самиот Охрид. Тоа пак влијаело во овој рад да биде воспоставена извесна градска самоуправа, поставена, се разбира, врз аристократска основа. Во прилог на тоа говорат и некои податоци од писмата на Теофилакт Охридски. Така, во едно од писмата на Теофилакт се наоѓа и еден многу редок, но значаен податок што говори дека во Охрид тогаш постоел „совет на општина" (τῶν τῆς βουλῆς μερῶν) кој се грижел за редот во градот, а пред кого полагал сметка дури и самиот архиепископ Теофилакт.[294] Преку овој градски совет охридските „првенци", а меѓу кои предначеле наречените од Теофилакт „кастрини", т.е. претставниците на македонската земјовладетелска аристократија,[295] доста се мешале во управата на градот. Со двајца такви видни охриѓани Теофилакт дури и остро се судрил, зашто вршел самоволија врз населението, поради што бил наречен „тиранин".[296] Инаку, овие зачетоци на градска самоуправа во Охрид биле поставени врз аристократска база (како што било случај во овој период и во некои други византиски провинциски градови),[297] зашто во советот на општината највлијателни биле „ка-

291. Theophyl., col. 424, A; сп.: Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век, 237.

292. Б. Панов Теофилакт Охридски, 160.

293. Вид.: А. П. Каждан, Город и дервня в Византии во XI—XII вв., 31 и сл.

294. Theophyl., col. 516, B; сп.: Ф. Успенский, Образование Втораго Болгарскаго царство, стр. 32 и бел. 1; Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в Средновековна България, 116; Византијски извори за историју народа Југославије, III, стр. 292, бел. 189; Гръцки извори за българската история, IX. София 1974, 134—135; Б. Панов, Богомилското движење во Македонија..., 183—184.

295. Theophyl., col. 337, C; сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 131 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 100 и сл.

296. Theophyl., col. 433, D; 456, C—D—457, A.

297. А. П. Каждан., Город и деревня в Византии в XI—XII вв., 37 и сл.; сп. и Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство в X—XI вв., 125.

стриниtе" (феудалците), кои — освен во градот — силни позиции држеле и во околината каде што им се наоѓале замоците.[298] Податокот од едно писмо на архиепископот Теофилакт дека во Охрид живееле и голем број „кастрини-Мокренци"[299] јасно говори дека овие охридски феудалци биле од соседната област Мокра, која влегувала тогаш во рамките на Охридската тема.[300] Тие таму располагале со богати феудални стопанства и утврден замок (κάστρα),[301] каде што бил сконцентриран и нивниот апарат на сила (придружбата), со кој ги држеле во потчинетост феудално-зависните луѓе.[302] Сè ова, пак, говори дека и во рамките на Охридската тема во овој период постоеле два вида κάστρα: државни, каков што бил охридскиот κάστρον, и приватни кои ги поседувале феудалците, по што архиепископот Теофилакт ги нарекол καστρῆνοι[303] Да се стане владетел на кастрон во ова време значело исто што и да се стане архонт.[304] Затоа Теофилакт Охридски нив ги викал и како λαϊκῶν ἀρχόντων.[305]

Овие, а и слични податоци од писмата на Теофилакт Охридски,[306] овозможуваат да се потврди искажаното гледиште во историската наука, дека во XI—XII век, во византиските градови, и политичкото и економското господарство им припаѓало на месните феудалци, во чиишто раце се „наоѓала и градската самоуправа". Тоа, пак, значи дека во ова време „не господарел градот над селото, а селото над градот".[307] Оваа карактеристика наполно одговара и за средновековниот град Охрид, зашто во разгледуваниот период световните феудалци толку многу зајак-

298. Вид.: В. Г. Василевский. Материалы для внутреней истории Византийского государства. — ЖМНП, ч. 202 (1879), 401, 415; Ф. Успенский, К истории крестянского землевладения в Византии. — ЖМНП, ч. CCXXV (1883), 66—67; М. М. Фрейденберг, Развитие феодальных отношений в византийской деревне в XI—XII вв., стр. 114, бел. 6; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 131, 240 и сл.; М Я. Сюзюмов, Деверия и город в Византии IX—X вв., 29; А. П. Каждан, Город и деревня в Византии в XI—XII вв., 37; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 101 и сл.; од истиот, Градската самоуправа во Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век. — Историја, XVII/2. Скопје 1981, 91 и сл.; С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 22 и бел. 69.

299. Theophyl., col. 337, C.

300. Ibid., col. 484, C.; сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 268 и бел. 77; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 238.

301. Вид.: Ф. Успенский, К истории крестянского землевладения в Византии. 64—65; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия 293 и сл.

302. Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија..., 233 и сл.; истиот, Градската самоуправа во Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век, 92.

303. Theophyl., col. 337, C.

304. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 240.

305. Theophyl., col. 340, A.

306. Вид.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, 99 и сл.

307. А. П. Каждан, Город и деревня в Византии в XI—XII вв., 43.

нале што биле во состојба да го отстрануваат од своите „господарски владенија" (δεσποτικὰ κτήματα) охридскиот архиепископ да го собира црковниот данок-канониконот (κανωνικόν).[308] Исто така, таквите „архонти" (ἀρχόντων) и по незаконски пат присвојувале имоти од селските слободни општини.[309] Утврдувајќи се во своите феудални замоци тие вршеле самоволија,[310] отстранувајќи го притоа со измама „како некоја река" од своите области и самиот византиски император.[311]

Меѓутоа, иако крупните феудалци зафатиле силни позиции и во самиот град Охрид, како што било случај со „кастрините-Мокренци", во овој период не дошол до израз нивниот сепаратизам, зашто византиската централна власт зајакнала и императорот Алексиј I Комнин бил во состојба да ги сменува непослушните управници и да ги конфискува имотите што феудалците (световни и црковни) ги присвоиле по незаконски пат.[312] Феудалниот сепаратизам во Охридскиот крај, а и во цела Македонија, дошол до израз дури во крајот на XII век, кога централната власт на Византија осетно ослабнала, со што се овозможило некои од македонските средновековни градови да станат седишта на самостојни феудални владетели.[313]

Во 80-те години на XII век византиските владенија во Југозападна Македонија и денешна Албанија одново биле изложени на нормански завладувања. Сицилијанските Нормани, на чиешто чело тогаш се наоѓал кралот Вилхелм II, по заземањето на Драч во јуни 1185 година ги продолжиле завладувањата на градовите по патот Via Egnatia. По осумнаесетдневна опсада (по суво и по море) Норманите го освоиле и градот Солун. Веднаш потоа тие се насочиле кон Серез.

Норманските продори на Балканот и паѓањето под нивна власт на вториот византиски град-Солун, предизвикувале жестока реакција против Комнините во Цариград. Како резултат на тоа било паѓањето на Комнинската династија и доаѓањето на власт на Ангелите. Основопожникот на оваа династија, импера-

---

308. Theophyl. col. 518, A.; сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 361; Д. Ангелов, История на Византия, II, стр. 136; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 177 и сл.; Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в Средновековна България, 135.

309. Theophyl. col. 533, C—536, B; сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 84; Б. Панов, Теофилакт Охридски, 98 и сл.

310. Theophyl. col. 313; B—C; сп.: Ф. Успенский, Образование Втораго Болгароскаго царства, стр. 28, бел. 1.

311. Theophyl., col. 316, A..

312. Вид.: Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија..., 228; Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство в X—XI вв., 24.

313. Вид.: История Византии, 2. Москва 1967, 258 и сл.; Историја на македонскиот народ, I, стр. 177 и сл.; Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија, 236.

торот Исак II Ангел (1185—1195) успеал за кратко време да ја отстрани норманската власт од Солун и од другите владенија на Византија. На овој начин кон крајот на 1185 година Норманите се повлекле од Балканот.[314]

Градот Охрид кој лежел на патот Via Egnatia секако бил засегнат и од овие краткотрајни завладувања на Норманите од Сицилија.[315] На норманскиот кралски двор во Палермо градот Охрид му бил добро познат уште во времето на Рожер II (1130—1154). Тогаш на кралскиот двор во Палермо меѓу многубројните учени луѓе, кои ги истражувале одделните земји, бил и познатиот арапски географ Идризи. По долги проучувања во Палермо тој ја напишал својата позната „Географија" во која внел богати и значајни податоци и за повеќе македонски градови и патишта. Идризи лично не престојувал на Балканот; изворните податоци ги црпел од пишани и усни извори, главно од трговци и учесници во крстоносните походи.[316] Податоците од „Географијата" на Идризи се доста веродостојни, зашто во многу нешта се потврдуваат и од современите византиски извори.[317]

„Географијата" на Идризи, која била напишана до крајот на 1153 година,[318] содржи и значаен опис за градот Охрид. Според Идризи, Охрид лежел на патот Via Egnatia и бил оддалечен од Драч за шест дена патување. Низ Охрид поминувал освен стариот пат Via Egnatia и патот кој ги поврзувал Драч—Скопје—Струмица—Мелник—Серез—Орфано, како и други централни и споредни патишта.[319] Исто така од „Географијата" на Идризи Норманите можеле да дознаат, дека „Ахрида (Охрид) е прекрасен град, со многубројни згради и раширена трговија. Тој е расположен врз една убава планина. Близу до него (се наоѓа) големо езеро, во кое се лови рибата со лотки. Тоа езеро е (расположено) од јужната страна на градот. Обиколката на езерото е (рамна на) три дни (пат). Покрај езерото се (расположени) некои населби".[320]

Ваквиот голем и богат град, расположен на важни крстопати, а и на патот Via Egnatia, кој водел од Драч за Солун, секако не можеле да го изоставаат норманските освојувачи.

314. Г. Острогорски, Историја Византије, 375—376; Д. Ангелов, История на Византия, II, 207—209.

315. T. Tomoski, Охрид до крајот на XIV век. — Зборник на трудови. Посебно издание. Изд. Народен музеј во Охрид. Охрид 1961, 12.

316. Б. Недков, България и съседните ѝ земи през XII век според Идриси, 5—21.

317. Вид.: Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 151—161; С. Лишев, Българският средновековен град, 56 и сл.

318. Б. Недков, България и съседните ѝ земи..., 5, 10—11.

319 Ibid., 20, 37—43 и сл.; сп. и Г. Шкриванић, Путеви у средњевековној Србији, 76 и сл.

320. Б. Недков, България и съседните ѝ земи..., 37.

Истата 1185 година, само што се повлекле Норманите од Балканот, Византија морала да се справува и со Бугарите кои на чело со браќата Петар и Асен се кренале на востание. Средиштето на востанието било на територијата меѓу Дунав и Стара Планина. Како резултат на тоа било создавањето на Второто бугарска царство, коешто 1187 година Византија била принудена и официјално да го признае. Неколку години потоа, во 1190 година и Српската држава се здобила со потполна независност.

Во самиот крај на 80-те години Византија била загрозена и од нов, трет по ред крстоносен поход. Преминот на крстоносците низ Балканот, што ги предводел Фридрих I Барбароса, го искористиле Бугарите и Србите за да се прошират за сметка на Византија. Во Македонија поволните услови исто така биле искористени од крупниот феудалец Добромир Хриз за осамостојување. Откако Хриз се отцепил од Византија, се утврдил во градот Струмица, а потоа се префрлил во соседниот град Просек и така во 90-те години на XII век успеал да создаде, како што соопштува Теодор Скутариот, „независно кнежевство“.[321] До самиот почетокот на XIII век во рамките на Хризовото феудално кнежевство биле вклучени и „соседните ромејски области“ на Просек. Тогаш, соопштува Никита Хонијат, Добромир Хриз заедно со својот дедо-протостраторот Маноило Камица „без мака ги зазеле Пелагонија и лесно го потчиниле Прилеп, присвојувајќи ги понатаму сите по ред оддалечени краишта“.[322] Нешто слично се изјаснил и Теодор Скутариот, кога навел: „Протостраторот Маноило Камица, ослободен од Хриз, заминал од Мизија во Просек и насочувајќи се кон бунт, заедно со Хриз ги покорил Пелагонија и Прилеп. Ги нападнал блиските области, ги разбунтувал далечните, излегол од тесалиските планини, ги нападнал полињата, ја разбунтувал Елада, го раздвижил и Пелопонез“.[323]

Походот на Маноило Камица и Добромир Хриз кон внатрешноста на Македонија, кој најверојатно бил преземен 1201 година,[324] секако го засегнал и Охридскиот крај.

Во рамките на Просечкото „независно кнежевство“ Охридскиот крај останал само кратко време. Во 1202 година им-

321. Гръцки извори, VIII, стр. 256; Документи, I, стр. 116; сп.: Т. Томоски, Средновековните градови во Македонија. — Историја, IX/1 (1973), 42.

322. Византијски извори за историју народа Југославије, IV. Београд 1971, 168.

323. Гръцки извори, VIII, 260.

324. Ibid., 260, бел. 6.

ператорот Алексиј III Ангел со измама ја освоил Струмица од Хриз.[325] Тогаш сигурно и Охридскиот крај одново бил вклучен во границите на Византија, зашто од оваа година Добромир Хриз се изгубил од историската сцена.

Branko Panov

## OHRID AND OHRID AREA FROM THE MIDDLE OF THE Xth TO THE END OF THE XII CENTURY

(Summary)

On the basis of the accessible original data (Greeк, Latin Cyrillic and others) the author attempts to examine the history of the town of Ohrid and its surroundings from the middle of the Xth to the end of the XII Century.

The material is devided into two parts. The first part covers the period from 969 to the beginning of the XIth Century. This is the period of the establishment and the existence of the Macedonian Medieval state. During this period Ohrid developed into a real medieval town (polis).

From the beginning of the XIth Century it became the capital of Samuel's Macedonian Empire as well as the ecclesiastical center until 1018, when Vasilij II conquered the Macedonian state and transformed it into a Byzantine province.

In the second part, the author surveus the history of Ohrid and its surroundings under Byzantine rule (XI—XII Century). It is the period in which Ohrid became a center of the Ohrid Theme and of the Ohrid arhbishopric, which existed after 1018 as autocephalous (autonomous church) within Constantinopole's patriarchate. In this part a significant space has been provided to the events relevant to Ohrid and its surroundings. Special attention has been paid to the uprising of Petar Deljan and Gjorgji Vojtech; then, to the Norman, the Serbian and the Crusade invasions and rule, and their influences on the liberation movements of the population of Ohrid and its surroundings at the end of the XI Century. This was the time when Ohrid developed into an economic and trading center in Macedonia, when there existed examples of foreign and numerous Macedonian feudal aristocracy. It was also a period when in the town there existed a „town councul" i. e. a type of a self-governing town organ formed on an aristocratic and feudal basis. The author also pays much attention to the events in Ohrid and its surroundings during the XII Century, when the Ohrid region became a center of the Bogomil Movement.

325. Византијски извори, IV, стр. 169 и бел. 211.